# Ромите за интеграцијата II

## Анализа и препораки



ЕЦМП Монографија #4

Европски Центар за Малцински Прашања (ЕЦМП)

Директор: Dr. Marc Weller

Авторски права © 2005 Европски Центар за Малцински Прашања

Барањето за репродукција или превод на целата или одделни делови од оваа публикација треба да се достави до:

ECMI
Schiffbruecke 12
24939 Flensburg
Germany

ISBN 13: 978-3-9810857-7-8
ISBN 10: 3-9810857-7-9

Европскиот Центар за Малцински Прашања го поттикнува ширењето на нејзините публикации и веднаш ќе ви одговори на барањето за репродукција или превод на оваа публикација.

# Ромите за интеграцијата II:

# АНАЛИЗА И ПРЕПОРАКИ

Ромски Експертски Групи за Интеграција на Ромите

Образование :.. Човекови права :.. Здравство :..Вработување

European Centre for Minority Issues

Sida

# Содржина


## Вовед

## Извештаи:

9 Училишната атмосфера: оценки и визии на децата Роми, Македонци и Албанци за подобро училиште

27 Деца Роми-бегалци од Косово и нивната интеграција во образовниот систем на РМ

43 Информираноста на Ромите за семејно планирање и сексуално преносливи инфекции

59 Доверба на Ромите во здравствените институции, искуствата со нив и познавањето на правата за здравственото осигурување и заштита

75 Ромите и политичкиот живот: Ставот на Ромите кон политичките партии и причините за нивната (не)партиципација

87 Субјективното чувство на Ромите во Република Македонија во однос на Рамковниот договор

101 Активните мерки за вработување и нивната примена кај ромската заедница во Република Македонија

## Ромски Експертски Групи за Интеграција на Ромите

# Вовед

## Забелешки во врска со анализа на потребите

Ова издание ја содржи втората серија извештаи од истражувањата коишто ги направија Ромските екпертски групи за интеграција на Ромите. Експертските групи беа основани есента 2004, како нареден чекор по првата глобална проценка на потребите на ромската популација во Македонија, кое го изведе Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП) во текот на 2003 година со сесрдна поддршка на Шведската меѓународна агенција за развој и соработка (Сида). Сида, исто така, ја поддржува и тековната иницијатива уште од нејзиниот почеток.

Како и проценката на потребите, и Експертските групи се организираат околу четирите основни области:

- Образование;
- Здравство;
- Граѓански права;
- Вработување.

И проценката на потребите и работата на Експертските групи се осврнуваат на прашањата во врска со родот, при што ја разгледуваат не само состојбата на ромската популација општо, туку и положбата на жената Ромка.

## Зошто Ромски експертски групи?

Додека првичната причина за формирање на Ромски експертски групи беше да се надминат недостатоците во постоечките податоци за состојбата на Ромите во Република Македонија, оваа иницијатива се заснова и на пошироката претпоставка дека најоддржливи се оние иницијативи во кои учествуваат локалните засегнати страни и тоа во сите фази на формирање и имплементација. Широкото познавање на ромските заедници низ цела Македонија на поедините членови на Експертските групи, заедно со искуството на ЕЦМП од областа на менаџирање на проекти, фасцилитирање и практични истражувања, придонесува кон работата на Експертски групи да биде важен чекор напред кој ќе и помогне на ромската популација во Македонија да се стекне со неопходни знаења за да превземе активна улога во демократското општество, како и да земе активно учество на конкурентниот пазар на труд.

## Истражувачките проекти

Како и во истражувачките проекти во текот на првата година, Експертските групи одбраа теми кои беа недоволно третирани. Истражувањата на Експертските групи, кои беа спроведени главно во ромските гета во оние градови во Македонија во кои постојат големи ромски заедници, се фокусираа на најразличните манифестации на маргинализација кои најитно треба да бидат согледани од страна на домашните и меѓународните фактори. Извештаите од овие проекти даваат драгоцен референтен материјал за формулирање на мерки кои ќе ја промовираат интеграцијата на Ромите во македонското општество во целина. Особено се надеваме дека материјалот од ова издание ќе биде корисен во реализацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија, усвоена од страна на македонската Влада во почетокот на 2005, откако се инкорпорираа опсежните ревизии предложени од страна на Експертските групи, како и дека ќе помогнат Декадата за вклучување на Ромите да да постигне успех во Република Македонија.

Интеграцијата е двосмерна, дури и ако ја сфатиме минималистички како “мирна кохаботација и задржување на засебни етнички идентитети”.[1] Извештаите во ова издание ја земаат во предвид оваа состојба, па голем дел од истражувањата ги допираат прашањата за меѓуетничките односи. Во целото издание се обрнува посебно внимание на прашањата кои се однесуваат на родовите, што јасно става на знаење дека ромската популација не е монолитна, и дека политичките решенија кои се однесуваат на Ромите мора да го земат во предвид овој факт. Конечно, во извештајот за ромските деца бегалци од Косово во македонскиот образовен систем не потсетува на фактот дека постои во Македонија голем број Роми не-државјани, на кои им е потребно итно внимание не само од домашните, туку и од меѓународните институции.

## Благодарност

Најзаслужни за содржината на оваа публикација се самите членови на Експертските групи. Токму поради тоа, тие се индивидуално претставени на крајот од изданието.

Работата на Експертските групи немаше да може да се спроведе во целост доколку не постоеше и помош од страна. Особено сме им благодарни на Сида кои ни пружија не само финансиска поддршка за сите активности што беа дел од оваа иницијатива, туку и покажаа искрен интерес како за проектот така и за луѓето кои работеа на него.

Мр. Гордана Родиќ (Програмски менаџер), Ибрахим Ибрахими, Дипл. Екон. (Проектен менаџер) и Саит Демир, Дипл. Маш. Инг. (Проектен асистент), беа најангажирани во секојдневната соработка и водење на Експертските групи. Континуираната подршка беше дадена и од страна на административниот персонал на Регионалната канцеларија на ЕЦМП во Скопје: Верица Грданоска, Дипл. Екон. (Менаџер за односи со јавност), и Јасмина Ристиќ (Менаџер на канцеларија и финансии).

1. Zoltan D. Barany, “Living on the Edge: The East European Roma in Postcommunist Politics and Societies,” Slavic Review 53 91994): 321-344, at 325

Во подготовката, спроведувањето и реализирањето на истражувањата, Експертските групи имаа поддршка и од некои експерти надвор од ЕЦМП. Посебна благодарност им должиме на  Доц.д-р Николина Кениг, Д-р професор Весна Димитриевска и Д-р професор Ило Трајковски. Исто така, би сакале да изразиме благодарност до директорите на основните училишта во кои се изведоа истражувањата, како и на Бирото за развој и унапредување на јазиците на членовите на заедниците за нивната драгоцена помош во истражувачкиот процес, но и на ромските невладини организации низ земјата кои организациски многу помогнаа за работата на Експертските групи. На крајот, би сакале да укажеме на тоа дека материјалот од овие извештаи го содржи животното искуство на членовите на локални ромски зедници, ромските бегалци од Косово и сите други кои учествуваа во теренските истражувања. Без нивната добра волја, едноставно не би имало што да се известува.

## Прашања

Европскиот центар за малцински прашања ги повикува сите заинтересирани да ги контактираат Експертските групи преку Регионалната канцеларија на ЕЦМП во Скопје. За подетални информации во врска со оваа иницијатива и во врска со активностите на ЕЦМП со Ромите во Европа (како и извештаи кои можат да се снимат), ве молиме посетете ја веб страната  за ромската програма на ЕЦМП на www.ecmirom.org, или испратете мејл на info@ecmimacedonia.org.

Д-р. Ебен Фридман
Регионален претставник на ЕЦМП
Скопје, Септември 2006

# Училишната атмосфера: оценки и визии на децата Роми, Македонци и Албанци за подобро училиште



# ВОВЕД

Неопходна компонента на квалитетното образование за сите е и атмосферата во училиштето. Кога велиме атмосфера во училиштето, мислиме на сите фактори и процеси кои влијаат на сигурноста на ученикот во училиштето, пријатното чувство во училишната зграда, односот помеѓу ученикот и соучениците како и односот наставник-ученик. Училишната атмосфера како компонента на образовниот процес често се запоставува од страна на креаторите на образовните политки. Така е и со третманот на училишната атмосфера во “Националната програма за развој на образованието 2005-2015” како и пропратните документи меѓу кои и “Програмата за развој на основното образование”.  Во овој документ се вели дека “основното образование е клучно, пред се заради тоа што се работи за првиот значаен социјален контекст (надвор од семејството) каде се стекнува односот кон знаењето, одговорноста и работните навики, и се социјализира во духот на општествените вредности.” (Националната програма за развој на образованието 2005-2015, стр. 3). Но, во него нема посебно поглавје кое се однесува на атмосферата во училиште туку секој составен дел е разработен посебно и во функција на квалитетна настава.

За разлика од ова, бројни истражувања и анализи на образовниот процес и неговите ефекти, укажуваат на проблемите во образовниот систем како и можните насоки и начини за подобрување на атмосферата во училиштата. Така Гласер (1997, стр. 63), гледајќи го образованието од психолошка страна вели  “Мораме да го промениме самото училиште во коешто учениците ќе погледнат и ќе речат: во ова училиште и со овие наставници јас ќе можам да ги задоволам своите потреби само ако работам многу.” Тој зборува за предностите на креирање демократска атмосфера во училиштето за учениците да развијат чувство на припадност кон училишето, за социјализација со врсниците, за развој на потребата на учениците да бидат прифатени и уважени во училиштето, за нивната слобода да зборуваат што мислат и за забавата во училиште. Гласер ја третира таквата атмосфера како фактор кој влијае и на учењето и достигнувањата на учениците во училиштата.

Симовска и Ќостарова-Унковска (1998), сметаат дека современото образование треба да се фокусира на остварувањето на детските права и потреби. Според нив училиштето е “оптимална средина” која може да обезбеди одржливост на процесите за взаемно комуницирање и размена помеѓу детето и возрасните. Имено, во училиштето детето треба да се подготвува самото да може да иницира, организира и реализира.

Поаѓајќи од овие сознанија за значајноста на атмосферата во училишните установи и нејзиното влијание врз постигањата на учениците, во фокусот на нашето истражување ги поставивме оценките на децата за моменталните состојби на тој план како и нивните визии на создавање поволна атмосфера во која тие би можеле да бидат мотивирани за да покажат најоптимални училишни резултати.

Целта е да се осознаат размислувањата на децата и нивните потреби за подобрување на атмосферата за учење во училиштата, т.е да се откријат нивните визии и желби во однос на подобрување на училишните услови за да се максимизира нивната иницијативност, мотивација и резултати.  Истражувањето е направено во функција

на подобрување на образовниот систем кој ќе создава креативни и самостојни млади генерации при што посветуваме внимание и на посебните потреби на децата кои припаѓаат на немнозинските етнички заедници во Република Македонија.

Очекуваме овој труд да ги поттикне државните институции, особено Министерството за образование и наука, да развијат соодветна концепција за подобрување на атмосферата во училиштата како и соодветен систем за следење и проучување на истата.

## МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### *Испитаници*

Со ова истражување се опфатени ученици од петто и осмо одделение од ромска, македонска и албанска етничка припадност. Примерокот брои вкупно **904 ученици** од 10 градови во земјата (Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Кичево, Битола, Прилеп, Штип, Кочани и Виница) испитувани во вкупно 12 основни училишта [1].

Изборот на училиштата во коишто се спроведуваше истражувањето беше намерен. Во секое училиште беа одбирани по две паралелки од петто одделение и по две паралелки од осмо одделение. При изборот на одделенија за анкетирање се внимаваше во паралелките со настава на македонски јазик да има најмалку 20 % ученици Роми во однос на вкупниот број на ученици во одделението, додека во одделенијата со настава на албански јазик критериумот на етничка застапеност не важеше и тука одделенијата беа одбирани сосема случајно. Од вкупниот број на испитаници, 17% се Роми, 48% Македонци и 32% Албанци.

### *Инструмент*

За утврдување на размислувањата на учениците од основно образование, користен е прашалник подготвен од членовите на тимот кои го спроведоа ова истражување. Прашалниците се направени врз основа на сознанијата добиени преку интервјуата спроведени во 6 фокус групи (хомогени во однос на етничката припадност и возраста на децата), непосредно пред анкетното истражување.

Прашалникот е составен од 42 прашања кои се однесуваат на демографски податоци, прашања за актуелната состојба во училиштето од аспект на тоа како се одвива наставата, испрашувањето, оценувањето, каква е разбирливоста на книгите од кои учениците учат, состојбата на училишната зграда и социјализацијата на учениците. Покрај овие прашања за состојбите, прашалникот содржеше и еден блок прашања за желбите и очекувањата на учениците во врска со важни аспекти од училишниот живот.

---

1. Училиштата во кои беше спроведено истражувањето се: О.У. Јане Сандански-Скопје, О.У. Бајрам Шабани-Kumanovo, О.У. Толи Зордумис-Куманово, О.У. Братство Миѓени и О.У. Гоце Делчев - Тетово, О.У. Братство и Единство - Гостивар, О.У. Санде Стерјоски-Кичево, О.У. Ѓорги Сугарев-Битола, О.У. Добре Јовановски-Прилеп, О.У. Малина Поп Иванова-Кочани, О.У. Славчо Стојменски-Виница, ОУ. Гоце Делчев-Штип)

### *Тек на испитувањето*

Анкетирањето се одвиваше во периодот март- април 2006, а го спроведе тимот кој работеше на овој истражувачки проблем. Во сите петти оделенија прашалникот беше задаван фронтално, при што анкетарот на глас читаше прашање по прашање, а испитаниците го забележуваа својот одговор во прашалникот. Во осмите одделенија учениците самостојно ги читаа и ги одговараа истите. Со цел да се добијат валидни одговори, на испитаниците им беше загарантирана анонимноста. Освен тоа, за испитаниците да се чувствуваат слободни во одговарањето, во најголем број случаи наставниците не беа присутни на часот кога се одвиваше анкетирањето, додека во ретките случаи каде наставниците беа присутни во училницата, воопшто не влијаеа во процесот ниту пак се движеа низ училницата или дава сугестии во однос на прашањата од прашалникот.

## РЕЗУЛТАТИ

### *1. Состојбата низ очите на децата*

Наспроти широко распространетото уверување дека материјалите од кои децата учат се комплексни, дури 78,9% од децата испитаници потполно се согласуваат со тврдењето дека книгите и работните тетратки кои тие ги користат во училиште се напишани на разбирлив (достапен) јазик. Сепак, дел од учениците, односно 19,3%, од нив сметаат дека работните материјали ( од овој тип не се напишани на за нив разбирлив јазик. Ова укажува на фактот дека сепак дел од децата кои одат во основно училиште имаат проблем со јазичната терминологија која се користи за пишување на книгите наменети за основно образование (Табела 1)).

Табела 1. Учебниците и работните тетратки се пишувани на разбирлив јазик

| | Број | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се сложувам | 16 | 1,8 |
| Делумно се сложувам | 172 | 19,3 |
| Потполно се сложувам | 702 | 78,9 |
| Вкупно | 890 | 100 |

Прашани за тоа колку се согласуваат со оценката дека имаат многу часови во училиште, три четвртини изразуваат потполна или делумна согласност, додека околу една четвртина (22,4%) воопшто не се согласуваат со тоа. Слични резултати се добиени и во однос на оценката дека децата имаат многу за учење по часовите. Вкупно 84% од децата целосно или делумно го делат ова мислење. Скоро ист процент на неприфаќање (15.3%)  констатираме и во однос на тврдењето дека децата имаат доволно слободно време (Табела 2).

Табела 2. Ставови на учениците за квантитетот на училишни часови, за обемот на материјалот за учење по часовите и за слободното време

| | Воопшто не се сложувам | | Делумно се сложувам | | Потполно се сложувам | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Имаме многу часови | 201 | 22,4 | 343 | 38,2 | 353 | 39,4 | 897 | 100 |
| Имаме многу за учење по часовите | 142 | 16,0 | 394 | 44,4 | 351 | 39,6 | 887 | 100 |
| Имаме доволно слободно време | 136 | 15,3 | 308 | 34,8 | 443 | 49,9 | 887 | 100 |

Една батерија прашања се однесуваше на искуствата на учениците со односот на наставниците на часовите. Одговорите на  овие прашања откриваат противречни состојби (Табела 3). Така, насоката на оценките кои ги даваат учениците за начинот на кој наставнивите го пренесуваат наставното градиво е силно позитивна. На, пример, дури 97.7% од испитаниците потполно или делумно се согласуваат со тврдењето дека наставниците бараат од нив да учат со разбирање, а 94.2% потполно или делумно се согласуваат со оценката дека наставниците интересно и со примери го организираат часот. Но, на друга страна, дури 95% од испитаниците себеси се гледаат како пасивни слушатели во училницата, што зборува за отсуство на интерактивна настава.

Спротивно на ова, оценките за односот на наставниците кон учениците се прилично негативни. Околу половина од испитаниците само делумно се согласуваат (32,7%) или воопшто (15%) не се согласуават со оценката дека наставниците праведно ги оценуваат учениците.

Но, најалармантни се оценките за тоа дали наставниците имаат ист однос кон сите ученици и дали тие кажуваат навредливи зборови за учениците. Вкупно 52.2% ученици воопшто (24.7%) или делумно (27.5%) не се согласуваат согласуваат со оценката дека наставници имаат ист однос кон сите ученици. Вкупно 37% од испитаниците оценуваат дека наставниците кажуваат навредливи зборови за децата во училницата.

Табела 3. Мислења за методот на работа и односот наставник-ученик во основното образование

| | Воопшто не се сложувам | | Делумно се сложувам | | Потполно се сложувам | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Наставниците бараат да учиме со разбирање | 20 | 2,3 | 176 | 19,7 | 697 | 78 | 893 | 100 |
| Наставниците интересно и со примери го организираат часот | 52 | 5,8 | 312 | 35 | 529 | 59,2 | 893 | 100 |
| Наставниците предаваат ние ги слушаме | 40 | 4,5 | 220 | 24,5 | 638 | 71 | 898 | 100 |
| Наставниците оценуваат праведно | 135 | 15 | 293 | 32,7 | 469 | 52,3 | 897 | 100 |
| Наставниците имаат ист однос кон сите ученици | 221 | 24,7 | 246 | 27,5 | 428 | 47,8 | 895 | 100 |
| Наставниците кажуваат навредливи зборови за учениците | 566 | 63 | 177 | 19,8 | 154 | 17,2 | 897 | 100 |

Оценките за неправедноста и навредливоста на наставниците варираат во зависност од етничката припадност на испитаниците. Од учениците Македонци, и Албанци приближно ист процент мислат дека наставниците воопшто не оценуваат праведно или само делумно го прават тоа. Најмалку сензитивни на неправедностите во оценувањето се учениците Роми – само 10,9% одговориле дека воопшто не се сложуваат со тоа дека наставниците ги оценуваат праведно, додека 65 % сметаат потполно се согласуваат со тоа дека се праведно оценувани.

Генерално може да се забележи дека кај децата припадници на сите три етнички заедници преовладува несложување со оценката дека наставниците кажуваат навредливи зборови. Но, меѓу учениците кои потполно или делумно се сложуваат со ова тврдење, најзастапени се учениците Роми (вкупно 47%), а најмалку застапени (вкупно 32.2%) се учениците Македонци (Табела 3а).

Табела 3а. Етничка припадност и наставниците кажуваат навредливи зборови

| | Македонец/ка | | Албанец/ка | | Ром/ка | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % |
| Воопшто не се сложувам | 289 | 67,8 | 169 | 59,5 | 79 | 53 |
| Делумно се сложувам | 92 | 21,6 | 53 | 18,6 | 26 | 17,5 |
| Потполно се сложувам | 45 | 10,6 | 62 | 21,9 | 44 | 29,5 |
| Вкупно | 426 | 100 | 284 | 100 | 149 | 100 |

Слични варијации на оценките во зависност од етничата припадност на учениците се констатираат и во однос на нивните оценки за еднаквиот, односно нееднаквиот третман од страна на наставниците. 45,4% од учениците Роми, воопшто или делумно не се сложуваат дека наставниците имаат ист однос кон сите ученици. Кај учениците Албанци, процентот на оние кои сметаат дека наставниците имаат ист третман кон сите е 42,1%, наспроти 57,9 % кои воопшто не се сложуваат или само делумно се сложуваат со ова тврдење, додека кај учениците етнички Македонци, преовладува несогласувањето или делумното согласување дека наставниците подеднакво се однесуваат кон сите ученици ( Табела 3б).

Табела 3б. Етничка припадност и наставниците имаат ист однос кон сите ученици

| | Македонец/ка | | Албанец/ка | | Ром/ка | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % |
| Воопшто не се сложувам | 91 | 21,7 | 92 | 33,5 | 28 | 19,8 |
| Делумно се сложувам | 132 | 31,4 | 67 | 24,4 | 36 | 25,6 |
| Потполно се сложувам | 197 | 46,9 | 116 | 42,1 | 77 | 54,6 |
| Вкупно | 420 | 100 | 275 | 100 | 141 | 100 |

Во етничките хетерогени училишта каде што учат деца припадници на повеќе етнички заедници, националната како и религиската припадност се одразува на развивањето на пријателски односи меѓу децата и индиректно влијае на атмосферата во училиштето.

Прашани за преференциите во однос на дружењето, речиси една третина од децата се изјаснуваат дека врз другарските односи кои ги развиваат, влијае верската и етничката припадност на нивното другарче. Повеќе од една третина (38,7%) изјавиле дека се дружат со ученици од иста вера како нивната, додека кај 21,3% од учениците религијата делумно се одразува на пријателството.

На 36,4% и етничката припадност на нивното другарче од учениците им е важно да биде иста како нивната, а 28,4% делумно го дели мислењето дека е важно да се дружи со деца кои имаат иста националност. Сепак 35,2% од децата тврдат дека се дружат со деца кои имаат различна етничка припадност од нивната (Табела 4) .

Табела 4. Верската и етничката припадност и другарувањето меѓу децата од основното образование

| | Воопшто не се сложувам | | Делумно се сложувам | | Потполно се сложувам | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Се дружам со учениците од иста вера како мојата | 359 | 40 | 192 | 21,3 | 348 | 38,7 | 899 | 100 |
| Се дружам со учениците од иста националност како мојата | 316 | 35,2 | 254 | 28,4 | 326 | 36,4 | 896 | 100 |

На  Графикот 1. се прикажани преференциите за дружење според етничката припадност на испитаниците. Може да се констатира дека учениците Роми генерално не преферираат да се дружат исклучиво со деца од иста националност како нивната. Кај учениците Албанци желбата за дружење исклучиво со деца од иста етничка припадност како нивната е најизразена во споредба со децата Роми и Македонци. И учениците Македонци, иако во помал обем отколку децата Роми, изјавиле дека сакаат да се дружат и со ученици со различна етничка припадност од нивната.




График 1. Се дружам со ученици со иста националност како мојата

## *2. Визиите и потребите на децата*

Распоредот на седење е еден од многутте аспекти кој се однесува на целокупната слика за училишнта атмосфера, особено на ефикасноста на наставата и можноста за интеракција меѓу децата. Прашани за позицијата на седење во училницата која најмногу им одговара на потребите и желбите на учениците тие ги дадоа следните одговори: дури 81,3% од учениците го преферираат традиционалниот начин на седење во училницата, т.е во редица двајца по двајца. Еден мал дел од учениците, односно 12,5% преферираат да седат распоредени во групи за време на часовите (Табела 5) .

Табела 5. Како учениците би сакале да седат на час

| | Број | % |
|---|---|---|
| Во редица по двајца | 729 | 81,3 |
| Во редица по тројца | 34 | 3.8 |
| Во групи | 111 | 12.5 |
| Во голем круг | 4 | 0.4 |
| Поинаку | 18 | 2.0 |
| Вкупно | 896 | 100 |

Проверката на знаењето и неговото оценување е елемент од училишниот процес кој најмногу ги засега учениците од основно образование. Стравот од испрашување како и задоволството/незадоволството од добиените оценки се фактори кои имаат влијание врз градењето на довербата и мотивацијата на детето за учење, а истовремено го условуваат доживувањето на училиштето како место за задоволство и образовна реализација или место каде ученикот ќе доживее разочарување и одбивност кон училиштето. Табели 6 и 7 даваат приказ на одговорите на децата за нивните желби во однос на испрашувањето и начинот на вреднување на истото.

Усмениот начин на испрашување го претпочитаат 49,8% од вкупниот број на испитаници, а 29,3% од учениците се изјасниле дека повеќе сакаат нивното знаење да се проверува со писмени тестови.

Табела 6. Како сакаат учениците да бидат испрашувани за нивното знаење

| | Број | % |
|---|---|---|
| Писмено | 263 | 29,3 |
| Усмено | 446 | 49,8 |
| Да нема испрашување | 165 | 18,4 |
| Друго | 23 | 2,5 |
| Вкупно | 897 | 100 |

Мнозинството од учениците сакаат да се оценува нивното знаење со бројки од 1 до 5. Овој начин на оценување на знаењето го избираат вкупно 71,9% од испитаниците. Изненадува дека само 10% од учениците сметаат дека воопшто не треба да се оценува нивното знаење, додека 13,4% го одбираат оценувањето на знаењето со букви или знаци (што всушност е само номинална замена на традиционалното оценување со бројки). Интересно е дека најмал процент од испитаниците би сакале да бидат оценувани со опис на нивната успешност во училиште.

Табела 7. Преференции на учениците за начинот на оценување на знаењето во училиште

| | Број | % |
|---|---|---|
| Со бројки 1 - 5 | 646 | 71.9 |
| Со букви (А, Б, В...) или со знаци | 120 | 13.4 |
| Описно | 42 | 4.7 |
| Да не се оценуваат | 90 | 10 |
| Вкупно | 898 | 100 |

Казнувањето на учениците и дисциплинските мерки кои ги спроведуваат наставниот кадар и стручната служба на училиштето, се одразуваат на самодовербата и желбата за одење на училиште кај децата. Затоа дел од прашалникот се однесува на испитување на визиите и потребата од казнување на неодговорните ученици и

најприфатливиот вид на овој тип на дисциплински мерки кои би делувале позитивно на децата и би биле ефективни.

Повеќе од половина од учениците се изјасниле дека слабите и неодговорни ученици треба да се советуваат (53,4%). Следната мерка според најголемиот процент на заокружени опции е да се повикаат родителите на таквите ученици во училиштето. За овој начин на "казнување" се определиле 19,2%. Дел од испитаниците сметаат дека таквите ученици треба да се мотивираат или дека треба да бидат опоменати од директорот на училиштето. Само незначителен број ученици би сакале да не постојат никакви казнени мерки (Табела 8).

Табела 8. Визиите на учениците за најприфатливите начини на казнување на слабите и неодговорните ученици

| | Број | % |
|---|---|---|
| Да се тепаат | 21 | 2,3 |
| Да се советуваат | 478 | 53,4 |
| Да се караат | 25 | 2,8 |
| Да се мотивираат | 54 | 6,0 |
| Да добиваат единици | 19 | 2,1 |
| Да се избркаат од училиште | 14 | 1,6 |
| Да се повикаат родителите | 172 | 19,2 |
| Да добијат опомена од директорот | 47 | 5,3 |
| Не треба да постојат казни за никого | 65 | 7,3 |
| Вкупно | 895 | 100 |

Безбедноста на училиштето како место каде децата слободно би можеле да ги оставаат своите материјали за учење како и личната сигурност на секое дете ја рефлектира желбата за одење во училиште. Тоа е дел од атмосферата во училиштето бидејќи и детето би можело да се чувствува сигурно или несигурно и да чувствува страв. Околу една третина од испитаниците сметаат дека нема потреба од служби за обезбедување, додека останатиот дел смета дека во училиштата е потребно обезбедување со камери (41%) или со присуство на полицаец (20,6%).

Бидејќи училиштето покрај образовна е и воспитна институција која треба да има улога во процесот на правилна социјализација на децата во општеството како и да ги информира и насочи децата во однос на девијантните општествени појави, на децата им понудивме избор на теми за предавања кои тие би можеле да ги добијат во рамки на училишните активности. Една третина од децата (32,9%) би сакале да имаат дополнителни информации за проблемите поврзани со дрогата. Следна тема за која учениците имаат интерес е веронаука (за неа се определиле 28%), а пушењето цигари како тема за дополнителна настава ја одбрале 18,7% од вкупниот број на испитани ученици.

Познавањето на најмалку еден странски јазик и компјутерски вештини се неопходен дел од знаењето. Во рамките на училиштата овој вид на предмети се веќе застапени, но недоволно. Особено пристапот до компјутер е отежнат поради неопременоста на училиштата со ваква опрема. Децата ги прашавме за нивните потреби за изучување на странски јазици и желбата за користење на компјутер во училиштето. Мнозинството од учениците, или поточно 93,7% од нив сакаат да имаат предмет на кој ќе учат да работат на компјутер. Интересно е дека учениците изразуваат желба за дополнителна обука за работа на компјутер, без разлика на училишниот успех кој го постигнале.

Изучување на два странски јазици во рамките на основното образование преферираат 67,8% од учениците, додека 21,6% повеќе сакаат да учат еден странски јазик.

Начинот на пишување на учебниците може да ги мотивира децата на учење или да ги одврати од истото доколку материјата се пренесува несликовито, без пример и со висок стручен стил на пишување, кој може да биде нејасен и неразбирлив за учениците. Повеќе од една третина (35,37%) од учениците сакаат книгите да се напишани со појасни зборови, 21,1% сметаат дека во нив треба да има помалку работи за памтење, додека 19,1% мислат дека во книгите треба да има многу повеќе слики отколку досега. Само 22,6% од учениците сметаат дека учебниците треба да се пишуваат на ист начин како што биле пишувани и досега (Табела 13).

Табела 13. Какви учебници сакаат учениците

| | Број | % |
|---|---|---|
| Со повеќе слики | 171 | 19,1 |
| Со помалку работи за паметење | 189 | 21,1 |
| Со појасни зборови | 319 | 35.7 |
| Исто како што се сега | 202 | 22.6 |
| Друго | 13 | 1,5 |
| Вкупно | 894 | 100 |

Сите ученици без разлика на етничката припадност ја манифестираат во своите одговори потребата за книгите со појасни зборови. На оваа потреба укажуваат децата Роми со 35,5% (од вкупниот број испитаници Роми), 47,2% ученици Албанци и 27,5% ученици Македонци.

За разлика од учениците Македонци кои речиси избалансирано ги одбираат сите алтернативи подеднакво, кај Ромите и Албанците нагласено поголем процент ја избира можноста книгите да бидат напишани со појасни зборови (Табела13а)

Табела 13а. Етничката припадност и начинот на кој треба да бидат напишани учебниците

| | Македонец/ка | | Албанец/ка | | Ром/ка | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % |
| Со повеќе слики | 84 | 20,2 | 61 | 21,9 | 22 | 15,1 |
| Со помалку работи за паметење | 108 | 25,7 | 43 | 15,5 | 31 | 21 |
| Со појасни зборови | 118 | 28,1 | 135 | 48,5 | 53 | 36 |
| Исто како што се сега | 109 | 26 | 39 | 14,1 | 41 | 27,9 |
| Вкупно | 419 | 100 | 278 | 100 | 147 | 100 |

Интерактивното предавање во пракса се покажува како поефикасно при совладувањето на наставниот материјал. Запрашани за тоа кој начин на предавање им се допаѓа на учениците, 67,8% од учениците одговориле дека не сакаат да слушаат и да молчат додека им се предава нова лекција. 34,5% од нив сакаат да слушаат предавање, но да имаат истовремено и можност да дадат свое мислење во однос на новата лекција, додека 33,3% сакаат сите заедно да разговараат на часовите кога се учи нов наставен материјал. Интересно е дека сепак, една третина од учениците највеќе сакаат да останат сосема пасивни и одбираат да слушаат и да молчат додека се предава нова лекција.

Имајќи ја во предвид етничката припадост на децата, резултатите во врска со ова прашање изгледаат вака: децата Роми, во споредба со другите најмногу сакаат да слушаат  и  да молчат додека наставникот/чката предава. Кај децата Роми е најмала и желбата за заеднички разговор за новата лекција. Исто така, овие деца најмалку го избираат понудениот одговор да слушаат и да дадат свое мислење додека се предава нова лекција (Табела 14).

Табела 14. Визиите на учениците за нивната активност при предавањето на нова лекција

| | Број | % |
|---|---|---|
| Да слушам и да молчам | 283 | 31 |
| Да слушам, но и да можам да дадам свое мислење | 312 | 35 |
| Да разговараме сите заедно за новата лекција | 301 | 34 |
| Вкупно | 896 | 100 |

За да се откријат визиите на децата за пожелно училиште, на децата им беа понудени листа од промени на дел од елементите, и им беше дадена можност да дополнат свои оригинални идеи.

Табела 15. Визиите на децата за двете најважни работи кои тие би ги направиле кога би биле директор-ка на сопственото училиште

| | Кога би бил директор што прво би направил | | Кога би бил директор што второ би направил | |
|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % |
| Би го бојадисал ѕидовите во свежи бои | 78 | 8,9 | 108 | 12,3 |
| Би го заменил подот со нов | 36 | 4,1 | 60 | 6,8 |
| Би го заменил инвентарот со нов | 145 | 16,5 | 175 | 19,9 |
| Би го уредил училишниот двор со игралиште,забавен парк и зеленило | 288 | 32,8 | 222 | 25,2 |
| Би ги избркал наставниците кои предаваат лошо | 41 | 4,7 | 68 | 7,7 |
| Би ги избркал наставниците кои навредуваат и тепаат | 144 | 16,4 | 81 | 9,2 |
| Би наредил учебниците да се пишуваат на едноставен јазик | 14 | 1,6 | 31 | 3,5 |
| Би направил училишно радио | 39 | 4,4 | 48 | 5,5 |
| Би направиле бифе/продавница внатре во училиштето | 93 | 10,6 | 86 | 9,8 |
| Вкупно | 878 | 100 | 879 | 100 |

Нивните приоритети ги испитавме со помош на прашањето “Што би направил, кога би бил директор на училиштето?”. Една третина  (32.8%) од учениците прво нешто што би направиле во сопственото училиште е да го уредат училишниот двор со игралиште, забавен парк и зеленило. За 20% менувањето на инвентарот е приоритет,  а  12,3% од учениците би ги бојадисале ѕидовите во свежи бои. На втората по приоритет листа на понудени идентични потенцијални одговори,  исто така преовладува опцијата за уредување на училишниот двор (25,2% од учениците ја заокружиле оваа потреба како второстепена), 12,3% би ги бојадисале ѕидовите во свежи бои додека 9,9% би го смениле инвентарот со нов. Интересно  е дека фокусот на најголемиот број деца, пред се, е насочен кон менување на физичкото опкружување во училиштето, додека нови идеи, произлезени од самите ученици, недостасуваат.

## Дискусија

Резултатите кои ги добивме упатуваат на заклучок дека има потреба од делување во насока на подобрување на училишната атмосфера. Во речиси сите основни училишта вклучени во истражувањето се применува класичниот-традиционален начин на предавање на наставниците и вообичен распоред на седење на учениците во училница двајца по двајца; одговорите на учениците испитаници укажуваат на отсуство на идеи за поинаков начин на конципирање на наставата кој би резултирал со поефективно учење во рамките на училиштето, а во себе би вклучил интерактивна работа, седење и работа во групи, дискусии или поедноставно кажано како краен резултат би се добил покреативен училишен час.

Децата се навикнати на постоечката форма на работа и функционирање на училиштето, сепак приближно 70% од испитаниците покажуваат желба да учествуваат со свои коментари додека се предава нова лекција што укажува на фактот дека децата чувствуваат потреба од сопствено ангажирање и спремност за размена на мислења, но начинот на предавања онаков каков што сега генерално се применува ја редуцира почетна амбиција на децата за ангажирање и активно учество во образовниот процес.

Исто така компјутерската опремност на училиштата е на многу ниско ниво, а речиси сите ученици покажуваат интерес и потреба за работа на компјутер во училиштето. Во однос на работните материјали кои учениците ги користат за учење мнозинството од нив се согласува дека книгите се напишани на разбирлив јазик, но во ситуација кога би имало можост тие да се подобрат на прво место учениците го ставаат користењето на појасни зборови при пишувањето на книгите.

Овие резултати укажуваат на отсуство на поттикнување на учениците околу креативност и критичко размислување. Немодернизираното основно образование, непревземањето на конкретни активности за промена на сегашната состојба во училиштата се гледа и од  горе изложените резултати од каде е евидентно  дека во голема мера наставниците спроведуваат класична форма на настава. Ваквиот начин на предавање на наставната материја на учениците не им се допаѓа бидејќи го преферираат само една третина од учениците.  Интересно е меѓутоа, што дури 49 % од учениците Роми се произнесоа дека сакаат да слушаат и молчат додека наставникот/наставничката предава. Од овде се гледа долгогодишната повлеченост на ромската популација и начинот како сеуште децата Роми се воспитуваат во семејството - да молчат и да не го кажуваат своето мислење. Тоа укажува на пасивизација и немотивираност за работа за време на часот.

Во однос на социјализацијата на децата со своите врсници воочливо е дека Ромите не преферираат да се дружат само со деца од својата националност за разлика од Албанците кои преферираат да се дружат само со деца од својата националност. Најверојатно ова произлегува од тоа што децата Роми учат на македонски наставен јазик во мешани класови, а и е дел од тоа како се воспитуваат (пацифистички) дома, додека децата Албанци учат во немешани класови со настава на албански јазик, и имаат многу помалку можности да се дружат со деца од другите етнички групи.

За тоа колку децата се чувствуваат сигурни во училиштето покажуваат наодите прикажани во Табелата 16 во која сите етнички заедници се согласуваат дека се чувствуваат несигурно и затоа се изјасниле за обезбедување со камери. Во денешно време често се случуваат вандалистички и насилнички настани и нетрпение помеѓу учениците по основ на верата, националноста и успехот во училиште.

Исто така од резултатите на ова истражување се издвојува и потребата од растеретување на учениците со обемен материјал за учење кој делумно се рефлектира преку немање на доволно слободно време на учениците. Исто така и обемот односно бројот на часови поминати во училиште кај дел од децата во основно образование предизвикува потреба за нивно редуцирање.

Интересно е што најголем дел од децата се изјаснуваат дека нивните наставници го користат класичниот метод на предавање на наставната материја и покрај тоа што многу донатори па и институциите вложуваат во обука на наставниците со нови методологии и техники за работа. Ваквиот податок води кон заклучок дека поголемиот дел од наставниците не ги применуваа знаењата стекнати на разни семинари и обуки што пак од друга страна класичниот метод за работа во класовите не дозволува да се развива детската иницијатива, креативност и јакнење на самодовербата на децата. Во однос на физичкото опкружување, што претставува дел од општата атмосфера во училиштата, може да се заклучи дека генерално целото опкружување во училиштето е недопадливо за децата, почнувајќи од училишниот двор каде децата имаат потреба за зеленило и спортски и забавни паркови, потоа боите на ѕидовите кои според децата не даваат чувство на свежина и пријатност како и мебелот во училиштето, односно училишните клупи, столчиња, прозорци и други ентериерни компоненти се нешто кое според одговорите на учениците треба да се променат. Овие аспекти се клучните места каде децата најповеќе го поминуваат времето во училиштето. Ниту училниците каде се учи, ниту училишниот двор кој најмногу се користи за време на одморите помеѓу часовите не придонесуват за добро чувство и атмосфера за учење.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Подобрување на физичките и просторни услови во училиштата (уредување на училишниот двор и ентериерот на истите);
- Компјутеризација на училиштата и неограничен пристап и користење на компјутер во училиште;
- Изучување на задолжителни два странски јазици во основното образование;
- Примена на советодавни дисциплински мерки на казнување;
- Целосно воведување на интерактивна настава во основните училишта;
- Градење на системска политика за вреднување и наградување на употребата на новите знаења на наставниците стекнати на разни обуки и семинари;
- Лиценцирање на наставничката професија;

• Наставници професионалци кои постојано се наобразуваат;

• Поголемо инволвирање на учениците во наставниот процес;

• Создавање на идни креативни и самостојни  генерации;

• Внимавање на јазикот на кој се пишуваат учебниците, да се води силна контрола за тоа дали јазикот е разбирлив за одредена возраст, бидејќи учебниците се еден од најголемите фактори за одвивање на наставниот процес од страна на учениците. Особено овој проблем е актуелен кај учениците Роми бидејќи не следат настава на мајчин јазик и истиот е недоволно познат за нив за да им овозможува комодитет во изразувањето кој пак подоцна резултира со пасивност во наставата, слаб училишен успех, осипување од образовниот процес;

• Воведување на настава на ромски јазик во основното образование што е и уставно право кое е занемарено од страна на релевантните институции;

• Започнување со подготвки на условите за организирање на настава на ромски јазик во основното образование;

• Подобрување на степенот на образованието на Ромите користејќи го моментот дека локалната самоуправа ја има одговорноста за основното образование;

• Организирање на најразлични активности или програми на локално ниво во училиштата во зависност од конкретните потреби;

• Модернизирање на образовниот систем со кој ќе се обезбеди сигурноста и социјализацијата на ученикот во училиштето и ќе се влијае на прифаќање или одбивање на наставниот процес;

• Додавање на содржини кои ќе ги градат вредностите на заедничкото живеење и почитување на различностите како вредност;

• Очекуваме овој труд да ги поттикне државните институции, особено Министерството за образование и наука,  за создавање на посебен концепт за подобрување на атмосферата во училиштата како и развивање на соодветен систем за следење и проучување на истата.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


1. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 - 2015.*  (2005), www.npro.edu.mk/dokumenti/strategija-mk.pdf

2. Симовска, В. И.Ќостарова-Унковска, Л. (1998). Предговор во В.Симовска И.Л.Ќостарова-Унковска(ур).Образование за демократија со демократија, Зброник текстови стр.1-3, Скопје: Филозофски Факултет

3. Gough P.B.(1997). Клуч за подобрување на училиштата (интервју со V.Glasser), Образование за развој 1/1,62-76

# Деца Роми-бегалци од Косово и нивната интеграција во образовниот систем на РМ



# Вовед

Цивилниот конфликт и НАТО интервенцијата во текот на 1999 година предизвикаа масовен бран на бегалци од Косово во Република Македонија. Според Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, вкупниот број на бегалци во земјата изнесувал 274 615, од кои 150 000 беа со статус на времено хуманитарно згрижени лица.

До месец април 2000 година, од вкупниот број бегалци кои дошле во Македонија, околу 5000 се етнички Роми (според Mils News, 11 април 2000), додека според неофицијални проценки бројот на бегалци Роми се движи помеѓу 7000 и 8000 (Демировски 2000). Според истиот извор, Ромите бегалци со овој статус немаа право на работа и како резултат на тоа, тие беа сосема зависни од хуманитарната помош. [1]

Од септември до декември 1999 година, бегалците беа сместени во бегалскиот камп Стенковец. Во почетокот на 2000 година бегалците беа раселени од таа локација: дел се преселиле во поранешните воени бараки близу Катланово, дел во Шуто Оризари во колективниот центар изграден од македонската влада, а дел се сместиле во приватни куќи чии сопственици се Роми. Според податоците добиени од МВР во 2003 година, бројот на бегалците се преполовил и Македонија тогаш се грижела за 2 500 Роми - бегалци од Косово. [2]

Бегалците Роми од Косово живееја и сеуште живеат во многу лоши услови. Лицата интервјуирани од Human Rights Watch на Меџитлија, во приватното сместување во Шуто Оризари и оние сместени во Катланово, условите за сместување и во минатото и сега ги опишуваат како мошне тешки и неадекватни. Само како илустрација ќе наведеме дека кампот во Шуто Оризари беше сместен во непосредна близина на сметиште. Жителите на кампот живееја во привремени кабини. Неколку семејства користеа еден тоалет сместен во метален контејнер. Во кампот немаше ниту водовод, а да не зборуваме за останатите инфраструктурни аспекти без кои живеењето денес не може да се замисли. Кампот не беше асфалтиран и дождовите редовно го преплавуваа со вода и кал. Сепак, Ромите сместени во Шуто Оризари велеа дека условите во кампот, како и да е, беа подобри од оние во сместување во приватните живеалишта.[3]

Дополнителна тешкотија во целата ситуација претставуваше начинот на кој се третираше проблемот со школувањето на децата бегалци. Косовските деца - Роми учеа во контејнери во Основното Училиште (ОУ) "Браќа Рамиз и Хамид", и во подрумот на ОУ "26 Јули". Поради неадекватните и лоши услови во училиштата во неколку наврати тие страдаа од сериозни здравствени проблеми, што беше причина родителите да престанат да ги праќаат своите деца во училиште [4]

1. Времено хуманитарно згрижените лица, според македонските закони не беа во можност да аплицираат за азил, а нивниот статус беше тема на расправа во Владата секои шест месеци.
2. Надвор од безнадежната состојба - Проблемите на косовските бегалци - Роми од Македонија Human rights Watch , текст за медиумите (10 декември, 2003); Интервју со Благоја Стојковски, Началник на одделение за азил и имиграција при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Скопје, 18 ноември 2003.
3. Human Rights Watch интервју со Рамадан Али и Фатмир Круези, Шуто Оризари, 29 јули 2003).;
4. Податоци добиени преку интервју со Претседателот на Бегалскиот комитет во Македонија, г-дин Џавит Бериша (април, 2006 година);

Иако според меѓународните документи, заради континуитет во образованието, на малолетните бегалци треба во земјата на прием (земја во која е побарано засолниште од прогонување) да им се признае и да им се овозможи ефективно остварување на правото на образование (по можност на нивниот мајчин јазик), може да се констатира дека и по двете основи, состојбата во Македонија е далеку од препорачаниот идеал. Како дел од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (ICESCR) и Конвенцијата за правата на децата (CRC), Македонија е обврзана да овозможи бесплатно основно образование за сите деца на своја територија. Како толкување на оваа обврска Комитетот за економски, социјални и културни права има кажано дека образованието "треба да биде достапно на сите, особено за ранливите групи, и во законот и во реалноста", "да биде сигурно и физички богато", и "да биде со достапно чинење за сите"[5]. Меѓународната и домашната легислатива која ја покрива проблематиката на бегалците, недоследно се имплементира, особено во случалот на Ромите-бегалци, за кои може да се каже дека се најранливата социјална група: без постојан дом, без конкурентно образование, со слаби познавања на локалните јазици, економски крајно немоќни и неретко, жртва на предрасуди.

Во моментов во Македонија има **1780 бегалци - Роми од Косово.**[6] Условите во кои што тие живеат и ден денеска не се разликуваат од условите во кои живееле пред три години. Повеќето домаќинства живеат во една соба и имаат лоши хигиенски услови за живеење.

Соочувајќи се со вакви проблеми и со прашањето на егзистенција, родителите не се во можност да им обрнуваат многу внимание на своите деца. Така, детето-бегалец потполно ја губи својата потпорна точка, станувајќи жртва од една страна на променетите услови што ги носи бегалството, а од друга, на своето семејство. (Ќостарова-Унковска и сор., 1992, според Петровска-Бешка и сор., 1997)

Целта на нашето истражување е стекнување увид во тоа дали по речиси седум години, децата-бегалци Роми се интегрирани во образовниот систем во Република Македонија. Увидот во реалната состојба е неопходен прв чекор во креирањето на политика за сите понатамошни чекори што треба да се преземат за да се спречи потполна маргинализација и социјална изолација на оваа група деца.

### *Испитаници*

Во анкетирањето учествуваа две групи на испитаници: 50 родители Роми бегалци и 50 деца бегалци кои посетуваат училиште. Истражувањето беше реализирано во едно населено место во Скопје со најголема концентрација на Роми бегалци од Косово. Се испитуваа родители кои имаат деца на училишна возраст (секоја трета куќа) и по едно од нивните деца. Поради честото селење и неможноста за

5. Комитетот понатаму вели дека "во членот 2 од Конвенцијата за правата на децата, во членот 3 (е) од UNESCO Конвенцијата против дискриминацијата во едукацијата и ги потврдува принципите за не-дискриминација за сите лица на школска возраст на целата територија на земјата, вклучувајќи ги тука и не-државјаните" Комитет за економски, социјални и културни права, General Comment – the right to education ( Генерален коментар 13- право на образование), 8 декември 1999, пара.11-14, 34.
6. Податоци добиени преку интервју со Претседателот на Бегалскиот комитет во Македонија, г-дин Џавит Бериша (април, 2006 година);

идентификација помеѓу другите граѓани, дел од испитаниците беа наоѓани по пат на верижно анкетирање (испитаникот што се анкетира посочува каде има друг потенцијален испитаник).

### *Испитаници - деца Роми бегалци*

Од вкупниот број на испитани деца, 56% се од машки а 44% од женски пол, од кои најголемиот број (94%) живеат со двајцата родители. Повеќе од половината од вкупниот број на испитаници учат во училиштето "Браќа Рамиз и Хамид" (60%) додека останатите учат во училиштето "26 Јули" (14%) и во училиштето за возрасни "Ас Макаренко" (26%). Најголемиот дел од испитаниците (72%) учат во прво, второ и трето одделение додека останатите во помал број се вклучени во четврто, петто, шесто и седмо одделение.

### *Испитаници - родители Роми бегалци*

Од вкупниот број на испитаници родители бегалци, 64% се од женски пол, а 36% од машки. Сите испитаници потекнуваат од Косово и се на просечна возраст од 37 години, од кои најмладиот е на возраст од 19, а најстариот испитаник има 63 години. Во однос на степенот на образование, групата е хетерогена. Доминираат испитаниците без образование (36%) и со делумно основно образование (30%) додека со помала застапеност имаше и испитаници со завршено основно, средно и вишо образование.

### *Инструменти*

Пред да започне истражувањето, беше организирана фокус група во која учествуваа родители и деца бегалци, со цел да се добие првичната слика за ситуацијата и проблемите со интеграцијата на бегалците Роми од Косово. Со помош на заклучоците добиени од фокус групата и искуството на Експертската група за образование при Европскиот центар за малцински прашања, беа креирани два прашалника за потребите на истражувањето: по една верзија за родители и за деца. Прашалникот за родители бегалци се состои од демографски податоци, прашања за посетување на училиште (вклучувајќи ги причините за нередовно посетување на училиште), информации за условите во кои учат нивните деца, нивните ставови во однос на квалитетот на образованието на нивните деца и предлози за подобрување на образованието за децата бегалци.

На сличен начин како кај родителите, по одржаната фокус група се направи прашалник и за децата бегалци. Прашалникот содржи прашања за образованието на децата, за јазикот на кој зборуваат дома и во училиште, за нивните искуства со останатите деца и очекувања во врска со училиштето. Пред да започне анкетирањето, беше направено пилот испитување на неколку испитаници, со цел да се испита употребливоста на прашалникот.

### *Тек на анкетирањето*

Анкетирањето беше извршено од страна на експертскиот тим, претходно обучен за работа со возрасни испитаници и деца. Еден член на тимот го анкетираше родителот додека друг член истовремено  (но, во друга просторија, која обезбедува приватност на комуникацијата) го анкетираше детето. На секој од испитаниците му се читаше прашањето и по потреба се даваа дополнителни објаснувања.

Особено се водеше сметка за тоа, испитаниците да разберат дека истражувањето е доброволно и анонимно. Анкетирањето се вршеше на македонски или на ромски јазик, во зависност од тоа кој јазик испитаникот го владее. По потреба, на барање на испитаниците, се користеше и албанскиот јазик.

## РЕЗУЛТАТИ

### *Деца Роми - бегалци*

Најголемиот број (94%) од децата во училиштата учат на македонски јазик, додека останатите 6% учат на албански јазик. На прашањето дали им е тешко да учат на јазикот на кој се изведува наставата, 40% оцениле дека им е умерено тешко, 26% одговориле дека воопшто не им е тешко да учат на јазикот на кој се изведува наставата, 18% одговориле дека им е многу тешко и 16% кажале дека им било тешко само на почетокот. Повеќе од половината испитаници деца (52%) во својот дом зборуваат на ромски јазик, додека останатите (48%) зборуваат на албански јазик.

Повеќе од половината (76%) соопштиле дека во нивните одделенија освен деца бегалци има и деца кои не се бегалци, додека останатите (24%) одговориле дека учат во одделенија само за деца бегалци. Од вкупниот број испитаници кои одговориле дека во нивната паралелка нема деца не-бегалци, 67% одговориле дека учат во училиштето “Ас Макаренко” додека останатите 33% одговориле дека учат во училиштето “Браќа Рамиз и Хамид”.

Половина од испитаниците кои учат во одделенија заедно со не-бегалци, одговориле дека би сакале да седат во клупа со дете бегалец, додека останатите одговориле дека би сакале да седат со деца не-бегалци или пак дека им е сеедно.




График бр.1 Преференции на децата во врска со составот на паралелките

7.Податоците добиени по ова прашање од децата не соодвествуваат со податоците добиени од родителите.

Прашани за тоа, како би сакале да изгледа паралелката во која учат според составот на деца, најголемиот број од испитаниците (64%) одговориле дека би сакале да учат во паралелки само за деца бегалци, 20% одговориле дека им е сеедно. Само мал дел имаат негативен став, односно би преферирале да учат со деца кои не се бегалци.

Прашани за причината за изборот да учат само со другарчиња бегалци,  37.5% од нив објасниле дека тоа е така затоа што другите деца ги тепаат, додека останатите биле навредувани затоа што зборуваат на албански јазик или сметаат дека им е поубаво да учат со децата бегалци бидејќи само со нив меѓусебно се познаваат.

Бидејќи сметавме дека партиципацијата во активностите е еден сегмент на интеграцијата, ги прашувавме децата дали имале некаква функција во паралелката и дали учествуваат на различни воннаставни активности. Најголемиот број од испитаните деца (76%) одговориле дека до сега не биле ниту предложени за претседател на клас, благајник и слична функција. Исто така, 42% одговориле дека не се вклучени во слободни активности во рамките на училиштето, додека 20% одговориле дека воопшто и нема такви активности во училиштето во кое што учат. Од вкупниот број на испитаници, 66% одговориле дека немале можност да го претставуваат своето училиште надвор од местото во кое се наоѓа училиштето, додека само 18% одговориле дека имале таква можност. Вака малиот процент на испитаници кои го претставувале училиштето се однесува и на ученици кои покажуваат одличен успех.

Мнозинството деца (86%) сметаат дека наставниците им обрнуваат внимание кога креваат рака, на 84% од децата тие им помагаат во совладување на училишниот материјал, а пак 82% соопштуваат дека наставниците им објаснуваат кога нешто им е нејасно. Голем дел од децата (76%) сметаат дека наставниците праведно ги оценуваат, 10% сметаат дека понекогаш наставниците ги оценуваат праведно, а само мал број (6%) одговориле дека наставниците не ги оценуваат праведно, додека останатите не можеле да одлучат како да ги проценат наставниците од тој аспект. Исто така, само мал дел од децата одговориле дека наставниците лично им упатуваат навредливи зборови, додека пак 18% одговориле дека наставниците упатуваат навреди кон целата паралелка (од типот „цигани едни”, „вие сте бегалци, одете си од овде” и слично), или пак се заканууваат со поплаки кај директорот.

На прашањето како се однесуваат соучениците спрема децата бегалци, од вкупниот број на испитаници, 41% одговориле дека им се закануваат, а голем дел (25%) одговориле дека ги навредуваат. Најголемиот број од нив сметаат дека најчеста причина за тоа е поради тоа што се бегалци и што не зборуваат на ромски јазик.
Околу 70% од испитаниците одговориле дека се дружат со децата не-бегалци надвор од училиштето, околу 19% понекогаш,  додека останатите (10%) кои што одговориле дека не се дружат со истите. Како најчеста причина за тоа наведуваат дека другите деца ги тепаат.

Половина од испитаниците одговориле дека надвор од училиштето повеќе сакаат да се дружат со деца бегалци, 16% одговориле дека сакаат да се дружат со деца не-бегалци, а на 32% им е сеедно со кого ќе се дружат.  Само едно дете одговорило дека не сака да се дружи со никого.

Околу половина деца (46%) одговориле дека соучениците не ги посетуваат во нивните домови, а тоа го објаснуваат со оддалеченоста на нивните живеалишта, како и стравот на децата да не ги задеваат другите деца од соседството бидејќи се дружат со бегалци. Значителен број (18%) од испитаниците одговориле дека другите деца не-бегалци сосема ги отфрлаат.

Дури 28% од децата-бегалци не ги посетуваат децата не-бегалци во нивните домови поради тоа што се срамат, или поради страв од отфрлање. Наспроти реалната ситуација, 84% од вкупниот број на испитаници одговориле дека сакаат да ги посетуваат децата не-бегалци во нивните домови и 80% одговориле дека сакаат заедно да ги изработуваат домашните задачи. Но, повеќе од половината испитани деца тврдат дека децата бегалци се често физички нападнати (тепани) од страна на соучениците. Најголемото мнозинство деца, оваа појава ја толкуваат како резултат на тоа што се тие бегалци.

Најголем процент (85%) од испитаниците кои биле жртви на физички напад од страна на соученици одговориле дека во ваквите случаи наставниците реагираат и превземаат мерки (најчесто ги караат, тепаат или пак заплашуваат напаѓачите, а чести се и случаите кога наставниците разговараат и ги советуваат децата да не се тепаат во иднина).

Интересно е дека по сето наведено, сепак 82% од децата одговориле дека многу им е убаво на училиште, а 68% одговориле дека се чувствуваат прифатени од страна на средината.

Од вкупниот број на испитаници, 30% одговориле дека биле навредени или исмејани надвор од училиштето. Како најчести лица кои ги навредуваат или исмејуваат, децата ги наведуваат соседите, продавачите во продавници, децата од соседството, како и деца со кои испитаниците не се дружат. Најголем дел од испитаниците сметаат дека најчесто ги навредуваат или исмејуваат поради тоа што зборуваат на друг јазик (60%) и поради тоа што се бегалци (20%).

И покрај искажаното чувство дека се прифатени, на прашањето дали сакаат да останат во Македонија, речиси половина од децата одговориле дека не сакаат да останат да живеат во Република Македонија, а причините за тоа се честото селење (26.6%), желбата да одат во трета земја (23.3%), или да се вратат во Косово (16.6%).

### *Родители Роми - бегалци*

Резултатите добиени од разговорите со родителите покажуваат дека станува збор за семејствата со повеќе членови. 20% од испитаните домаќинства имаат во просек по пет члена, 30% имаат просек шест ченови, 14% имаат во просек по седум, а чести се и случаите со осум или девет членови. Повеќе од половината испитаници имаат по три или четири деца, но има испитаници кои што имаат пет деца (16%), шест (8%) и седум деца (8%).

Повеќе од половината испитаници, со целото или со дел од семејството живеат во стамбен простор до 30 м2, 30% живеат во простор од 30-50 м2, додека само мал број испитаници (8%) живеат во стамбен простор од над 50 м2. Најголемиот број испитаници се изјасниле дека живеат во лоши и многу лоши услови, додека помал број (30%) се изјасниле дека живеат во добри услови, а само 2% во многу добри услови.

Сите испитани родители имаат деца кои што посетуваат училиште. Најголемиот дел (82%) имаат едно или две деца кои што посетуваат училиште, помал број (14%) имаат три, додека 4% од испитаниците имаат дури пет деца кои одат на училиште или се на училишна возраст.

Дури 50% од родителите одговориле дека имаат деца кои што се на училишна возраст, а не посетуваат училиште. Најголемиот дел (68 %) имаат едно, додека останатите имаат по две ( 8%) или три (24%) деца кои се на школска возраст, а не одат во школо. Анализата покажа дека мнозинството испитаници кои што одговориле дека имаат деца кои се на училишна возраст, а не одат на училиште, и самите се без образование, или имаат завршено делумно основно или само основно образование.

Во Табела 1 се прикажани собираните одговори на испитаниците за причините зошто нивните деца не посетуваат училиште.

Табела 1. Причини поради кои децата на училишна возраст не посетуваат училиште

| Причини | да | | не | | не знам | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Немање пари | 9 | 36 | 16 | 64 | / | / | 25 | 100 |
| Немотивираноста на детето | 5 | 20 | 20 | 80 | / | / | 25 | 100 |
| Непоседување на потребните документи за упис | 4 | 16 | 21 | 84 | / | / | 25 | 100 |
| Детето не го познава доволно јазикот на кој што се изведува наставата | 4 | 16 | 20 | 80 | 1 | 4 | 25 | 100 |
| Лош однос на наставникот | 1 | 4 | 22 | 88 | 2 | 8 | 25 | 100 |
| Лош однос на директорот | 4 | 16 | 19 | 76 | 2 | 8 | 25 | 100 |
| Мислам дека не му треба школо | 1 | 4.2 | 24 | 95.8 | / | / | 25 | 100 |
| Неприфатено од страна на соучениците | 14 | 56 | 10 | 40 | 1 | 4 | 25 | 100 |
| Малтретирање од страна на соученицие | 16 | 64 | 8 | 32 | 1 | 4 | 25 | 100 |
| Поради страв | 4 | 16 | 21 | 84 | / | / | 25 | 100 |

Најголемиот број испитаници-родители одговориле дека главни причини поради кои нивните деца кои се на училишна возраст не посетуваат училиште се неприфатеноста од страна на соучениците (56 %), и малтретирањето од страна на соучениците (64 %). Помалку од половина испитаници како причина ги навеле немањето на доволно финансиски средства (36 %) и немотивираноста на детето (20%). Помал број од испитаниците ги навеле како причини лошиот однос на директорот, стравот, немањето на потребните документи за упис (извод, сведителства и сл.) како и недоволното познавањето на наставниот јазик од страна на детето. Останатите како причини ги навеле лошиот однос на наставникот и ставот дека на детето не му треба школо.

За да децата постигнат успех во училиштето и полесно да ја следат наставата, потребно им е да имаат соодветни услови за учење во својот дом. На ова прашање повеќе од половината испитани родители (62%) одговориле дека нивните деца во домот немаат соодветни услови за учење. Најголемиот дел од испитаниците (96%) одговориле дека им е потребна дополнителна помош за нивните деца да одат на училиште. Од нив, 89.5% сметаат дека им е потребна материјална помош (училишен прибор, облека за децата и сл.).

Познато е дека за да можат децата бегалци полесно да се адаптираат во новонастанатите околности и да ги пребродат траумите и стресовите предизвикани од напуштањето на домот, неопходна им е психосоцијална помош. На прашањето дали на нивните деца им е потребна психосоцијална помош (разговор со психолози, педагози и сл.), повеќе од половина од вкупниот број на испитаници (54%) одговориле дека на нивните деца им е потребна таква поддршка. Впечатливо е дека само 8% одговориле дека нивните деца досега добиле ваков вид на стручна помош.

Интеграцијата на децата-бегалци во образованието не може да се оствари доколку тие учат во средини изолирани од останатите деца. Повеќе од половината испитаници (56%) одговориле дека нивните деца учат во одделенија само за бегалци.




График 2. Училишта во кои децата бегалци учат во згради одделени од зградата на училиштето

Од голем процент родители (48%) добивме информација дека нивните деца учат во објекти кои што се одделени од зградата на училиштето. Поголемиот број вакви случаи (58%) се однесува на оние чии деца учат во училиштето "Браќа Рамиз и Хамид", додека останатите (42%) одговориле дека нивните деца учат во училиштето "Ас Макаренко" (График 2).

Во Табела 2 е прикажано како родителите гледаат на ситуацијата во која се нивните деца од аспект на училишниот контекст.

Табела 2. Мислења на родителите од аспект на образованието што го добиваат нивните деца

| | Потполно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Не знам | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Наставниците прават разлика меѓу вашите деца и останатите деца | 8 | 16 | 13 | 26 | 21 | 42 | 8 | 16 | 50 | 100 |
| Наставниците добро работат со Вашите деца | 30 | 60 | 15 | 30 | 2 | 4 | 3 | 6 | 50 | 100 |
| Наставниците ги оценуваат праведно Вашите деца | 30 | 60 | 13 | 26 | 1 | 2 | 6 | 12 | 50 | 100 |
| На вашите деца им е потребна дополнителна настава | 42 | 84 | 4 | 8 | 2 | 4 | 2 | 4 | 50 | 100 |

Дел од испитаниците (16%) се согласуваат дека наставниците прават разлика помеѓу децата бегалци и останатите деца, додека помалку од половината (42%) сметаат дека наставниците не прават разлика. Повеќе од половината испитаници (60%) сметаат дека наставниците добро работат со нивните деца, додека 30% даваат средна оценка. Сличен број на испитаници (60%) сметаат дека наставниците ги оценуваат правилно нивните деца, додека пак најголемиот број на испитаници (84%) сметаат дека на нивните деца им е потребна дополнителна настава.

Само 16% од испитаниците одговориле дека нивните деца често се посетувани од нивните соученици, додека најголемиот дел од испитаниците (84%) одговориле дека нивните деца се ретко посетувани или пак никогаш не биле посетувани. Интересно е овде да се забележи дека податокот добиен од родителите значајно се разликува од одговорите на децата, од кои многу помал дел (46%) одговориле дека нивните соученици не ги посетуваат во нивните домови. Сличен е и процентот (86%) на оние што одговориле дека нивните деца ретко или пак никогаш не ги изработуваат домашните задачи заедно со нивните соученици.

Од резултатите во Табела 3 може да се види дека само мал број на деца (16%) се жалат кај родителите на навреди од училишниот кадар. Околу половината од испитаниците се сеќаваат дека нивните деца се жалеле или сега се жалат на навреди од страна на соучениците (44%) и од страна на локалното население (42%).

Табела 3. Од кого се навредувани децата

| Децата се жалат на навреди од: | Да | | Не | | Не знам | | Вкупно: | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лица | % | лица | % | лица | % | лица | % |
| Училишниот кадар | 8 | 16 | 38 | 76 | 4 | 8 | 50 | 100 |
| Соучениците | 22 | 44 | 25 | 50 | 3 | 6 | 50 | 100 |
| Локалното население | 21 | 42 | 28 | 56 | 1 | 2 | 50 | 100 |

Од вкупниот број на испитаници родители, 38% одговориле дека нивните деца најмногу се дружат со деца бегалци, помал број (12%) одговориле дека нивните деца се дружат најмногу со деца не-бегалци, додека најголемиот број на испитаници (46%) одговориле дека нивните деца се дружат и со едните и со другите.

Прашани за тоа што сметаат дека би било најпотребно за подобро и поуспешно образование на нивните деца, најголемиот број на испитаници одговориле дека е потребно да имаат подобри материјални услови (56%), помал број одговориле дека е потребно децата да учат во редовни училишта и мешани паралелки (12%), и да се прекине малтретирањето и дискриминирањето на децата бегалци во училиштето (6%), додека останатите сметаат дека е потребна дополнителна настава, прифатеност од страна на средината и родителите да работат повеќе со своите деца.

Елемент кој што е важен за успешна општествена интеграција е вклученоста во општествените текови и познавањето на менталитетот, обичаите и јазиците во средината во која живеат. На најголемиот дел од родителите (90%) им е важно нивните деца да се интегрираат со останатите деца не-бегалци. Исто така, најголемиот дел од испитаниците сметаат дека е важно нивните деца да ги научат обичаите на другите етнички групи кои ги опкружуваат (84%), како и да ги научат локалните јазици (96%).

Бидејќи адаптацијата и интеграцијата на децата не можат да се реализираат доколку нивните родители не се чувствуваат како дел на заедницата, ги прашавме возрасните испитаници дали сакаат да останат во Македонија. Околу половина од нив (48%) не сакаат да останат во Република Македонија, 36% сакаат да останат, додека помал број (16%) не знаат дали сакаат да останат во Република Македонија. Повеќе од половина (59%) од вкупниот број на испитаници кои што одговориле дека не сакаат или не знаат дали сакаат да останат во Република Македонија, како најчести причини ги наведуваат немањето услови за живеење и невработеноста.




График бр.3  Искази на испитаниците во врска со желбата да останат во Македонија

Помал број на испитаници (15%) одговориле дека сакаат да заминат во трета земја, а како други причини зошто не сакаат да останат во Република Македонија ги наведуваат честото навредување и неприфатеноста на нивните деца, несигурноста и желбата да се вратат во својата татковина.

## ДИСКУСИЈА

Податоците говорат дека околу половина од испитаниците имаат деца кои се на училишна возраст, а не одат на училиште. Поголемиот дел од нив почнале, но не го завршиле своето образование. Покрај лошите услови за живеење и немањето на потребните материјални услови за учење, за кои е логично да се претпостави дека може да се појават како сериозна пречка за децата редовно да посетуваат училиште и ефикасно да учат, се покажа дека постојат и други причини, со кои справувањето е дури и потешко. Имено, децата бегалци во голем број случаи не се прифатени од врсниците не-бегалци. Значителен дел од децата изјавуваат дека се малтретирани и навредувани од страна на нивните соученици, а не ретко и физички нападнати. Сето ова придонесува децата да губат волја да учат и да напредуваат во своето образование па дури и да не сакаат да го продолжат своето образование. Низ очите на некои од децата, тоа е најтешко поради тоа што тие се “поинакви”, говорат на албански јазик и се дојдени од друго место.

Родителите, коишто би можеле да бидат стабилен фактор во помагањето на нивната интеграција, во најголем број случаи се немоќни поради силниот притисок на егзистенцијални проблеми и генерална немоќ да се фатат во костец со сите извори на потешкотии, заради тешките услови на живеење, нискиот степен на образование, нефамилијарноста со македонскиот јазик и ограничениот репертоар на вештини. Затоа, тие често делуваат пасивно, иако се свесни дека нивните деца немаат третман како останатите деца во средината.[8]

8. На пример, родителите соопштуваат дека 56% од нивните деца учат во одделенија само за деца бегалци, додека според исказите на децата тој број е многу помал (24%). Ваквата дискрепанца во бројките остава впечаток дека родителите се неинформирани/незаинтересирани за тоа што се случува со нивните деца на училиште.

Од ова истражување може да се добие впечаток дека згора на сите наведени фактори кои придонесуваат кон изолацијата на децата бегалци, за ваквата ситуација битно придонесува и политиката која се води во врска со нивното образование. Голем дел од децата не само што учат во многу неповолни физички услови, туку и за нив се формираат паралелки во кои нема деца не-бегалци. Во такво неинклузивно опкружување, не само што не може да се очекува интеграција на децата, туку напротив, на сите останати им се праќа порака дека децата бегалци се навистина нешто "друго", посебна категорија која треба да биде издвоена од останатите деца.

Наспроти фактот дека повеќе од половината испитаници деца - бегалци одговориле дека се чувствуваат прифатени од средината, според фактичките податоци сметаме дека тие и понатаму остануваат затворени за локалното население. Најверојатно, најголем број од децата психолошки се бранат на тој начин што се адаптираат на изолацијата, односно ја сметаат за нешто сосема нормално. Освен тоа, навредите и заканите од околината придонесуват и за самоисклучување: поголемиот број деца изјавуваат дека сакаат да учат во паралелки во кои ќе има само деца бегалци.
За среќа, и родителите и децата во најголем процент се задоволни од односот на наставниот кадар во училиштата. Сепак, иако децата немаат впечаток дека се дискриминирани, се чини дека не се прават сериозни напори тие да се вклучат во воннаставните активности или пак да се стимулира нивното партиципирање во паралелката во улога на претседатели на класот, благајници или слично. Исто така, отсуствуваат или напори или ефекти од тие напори, за создавање на клима на соработка меѓу соучениците не-бегалци и бегалци. Иако децата бегалци сакаат да се дружат и да учат после часови со децата не-бегалци, во реалноста тоа ретко се случува.

Сметаме дека ова истражување е само почеток во адресирањето на проблематиката и прашањата што ги засегаат бегалците-Роми како ранлива група за која од пресудно значење е општествената интеграција како основа за надминување на трауматските последици и за започнување на поинаков живот како што заслужува секој што против своја волја е принуден да го напушти својот дом.

## ПРЕПОРАКИ

Резултатите од ова теренско истражување покажуваат дека доста е бавна интеграцијата на бегалците во Република Македонија. Косовските бегалци во Република Македонија, и после седум години не се интегрираа согласно нивните културни, социјални и едукативни потреби.

Врз основа на горе наведените факти Експертската група за образование препорачува:

1. Децата бегалци да бидат интегрирани во мешани паралелки во основните училиште, за да се спречи нивната изолација и сегрегација;

2. Потребен е целосен опфат на децата од соодветна училишна возраст, т.е. секое дете бегалец од 7-15 години да биде вклучено во образованиот процес. Во таа насока македонските образовни авторитети треба да осигураат децата бегалци да имаат еднаков пристап за здраво и квалитетно училиште вклучувајќи и помош за децата кои го прекинале нивното школување поради дискриминација и малтретирање од соучениците;

3. Министерството за образование во рамките на Декадата на вклучување на Ромите да одвои финансии за набавка на бесплатни учебници и друг училишен материјал;

4. Македонските образовни власти да развијат и имплементираат соодветни политики за да ги заштитат децата бегалци од дискриминација и малтретирање. Таквите политики треба да вклучат и тренинг за наставниот кадар за природата на недискриминативните норми, потребите за децата бегалци, процедурите за истрага и известување на случаите на недискриминација и нејзино спротивставување;

5. Македонските власти треба да направат напори да осигураат достојни услови за живеење за косовските бегалци, бидејќи принудното селење негативно влијае на интеграција на нивните деца во образовниот систем;

6. Банката за развој при Советот на Европа, Светската банка, и билатерални донатори би можеле да и дадат кредити на Македонија за изградба на колективни центри за косовките бегалци кои што ги задоволуваат нормалните хигиенски и стандардите на живеење.

## Литература

1. Human Rights Watch (10 декември, 2003), Надвор од безнадежната состојба? Проблемите на косовските бегалци - Роми од Македонија, текст за медиумите;

2. Ромите во Македонија (2003), извештај од Center for Documentation and information on Minorities in Europe- SouthEast Europe, CEDIME-CE;

3. Петроска-Бешка, В., Ќостарова-Унковска, Л., и Симовска, В. (1997). Фактори на ризик и психолошка отпорност кај децата-бегалци и нивната адаптација во нова средина, во В. П. Бешка (ур.). Фактори на ризик и психолошка отпорност кај децата бегалци во Македонија и Србија, стр. 1-30. Скопје: Филозофски факултет.

# Информираноста на Ромите за семејно планирање и сексуално преносливи инфекции



## Вовед

Република Македонија во својот Устав го гарантира правото на здравствена заштита и правото за унапредување на здравјето на секој граѓанин. Ова право, би требало да го уживаат сите граѓани вклучително и Ромите. Но, Ромите како народ пројавуваат определени специфики во споредба со генералната национална слика за здравствената состојба. Тие специфики се во форма на препреки за остварување на загарантирани права, и во форма на полош здравствен статус во однос на граѓаните од другите етнички заедници кои живеат во Република Македонија. Причини за генерално лошата здравствена состојба се сиромаштијата на ромскиот народ, лошите услови на домување, недостаток на санитарна инфраструктура, нискиот степен на образование, како и некои вредности и практики релевантни за здравјето кои се вградени во културата и традицијата. Имено, здравствената состојба кај Ромскиот народ е во корелација и со неколку традиционални вредности што резултираат со чести предвремени стапувања во брак, недостаток на здравствена едукација и едукација за репродуктивното здравје, недоволна информираностст на жената Ромка за бременоста, грижа за новороденчињата, како и постоење на табу теми, вкоренети во традицијата.

За илустрација на овие сознанија може да послужат податоците од повеќе истражувања. Истражувањето на УНИЦЕФ, на пример, покажува дека репродуктивноста кај Ромите е два пати поголема во однос на просекот во Република Македонија , морталитетот кај децата е два пати поголем во однос на другите етнички групи (УНИЦЕФ,1996). Истражувањето на УНИЦЕФ спроведено во скопската населба Шуто Оризари, покажува дека 3% од испитаните жени Ромки кои живеат во таа населба, првото дете го родиле меѓу 12-та и 14-та годишна возраст а, 41% од испитаничките прво дете го родиле мегу 15-та и 18-та годишна возраст , (УНИЦЕФ,1996). Едно друго истражување на УНИЦЕФ и Светска Банка, покажува дека кај 41% од испитаните помлади ромски семејства се раѓаат 3-5 деца, 3% имаат над 5 деца, додека пак 56% од испитаните семејства имаат 1 -2 деца. (УНИЦЕФ и Светска Банка 2000).

Во овие и други истражувања као еден од позначајните факторите за овие појави се издвојува секако отсуството на семејно планирање. Ова пак е поврзано со навиките и информираност за соодветно користење на контрацептивни средства, како и за најчестите сексуално преносливи болести и сл.

Поаѓајќи од овие сознанија Експертската група за здравство при Европски центар за малцински прашања (ЕЦМП) си постави за задача да направи истражување со цел да се добие покомплетна слика која би дала одговор на прашањето до кој степен Ромите се информирани за овие прашања. При тоа, појдовна претпоставка беше дека наодите од таквото истражување можат да го покажат начинот за темелно разрешување на многу круцијални проблеми чие надминување директно би придонело за подобрување на здравствената состојба на ромскиот народ во Република Македонија.

# Метод

### *Испитаници*

Истражувањето опфати вкупно 640 испитаници од кои 320 жени и 320 мажи. Возрасната граница на испитаниците се движеше од 18 - 45 годишна возраст (лица во репродуктивен период). Исто така беше испитана и помала група од 40 малолетници на возраст од 15-17 години, со цел да се увидат нивните информации, навики и мислења за сексуално преносливите инфекции (СПИ) и за семејното планирање.

Истражувањето беше реализирано на ниво на Р. Македонија т.е во градовите каде што застапеноста на ромската популација е над 3% од вкупниот процент на население во општината. Во Скопје беа анкетирани 344 лица, во Куманово 60, во Тетово 56, во Прилеп 60, во Штип 56 и во Виница 24 лица.

Испитаниците беа анкетирани директно во нивните домови и тоа во секоја трета куќа на случајно избрана улица на локации кадешто е сконцентрирано ромското население. Анкетирањето беше доброволно, а на испитаниците им беше загарантирана анонимноста.

### *Инструмент*

Со цел да се добијат податоци за семејното планирање кај ромската популација, за користењето на контрацепција и нивната информираност за сексуално преносливите инфекции, истражувачкиот тим пристапи кон подготовка на анкетен прашалник. Прашалникот беше изработен во две верзии: за мажи и за жени. Прашалникот за мажи содржеше 26 прашања, додека прашалникот за жени 31 прашање.

Анкетниот прашалник беше подготвен на македонски јазик, а неговата практична употребливост (разбирливост на прашањата, упатствата, време на решавање и техничка прилагодливост) беше испробана со пилот истражување.

Прашањата беа групирани тематски:

- прашања упатени кон регистрирање на основните демографски карактеристики и првични мислења на респондентите за бројот на деца пред да стапат во брак
- прашања кои бараат информации за специфични теми што опфаќаат области поврзани со сексуалното здравје на мажот и жената, како на пример користење на контрацептивни средства, абортуси, посета на гинеколог
- прашања од областа на информираноста за постоење и заштита од сексуално преносливи болести.

### *Истражувачка постапка*

Теренскиот дел од истражувањето беше спроведен во текот на месеците март – април 2006 година. Истражувањето беше спроведено од страна на членовите на експертската група за здравство. Процесот на одговарање на сите прашања траеше околу 20-40 минути. За секој испитаник секое прашање беше читано од страна на анкетарите, и анкетарот го заокружуваше одговорот даден од страна на испитаниците.

## Резултати од истражувањето

Според резултатите од нашето истражување се покажа дека Ромите живеат во многу неповолни стамбени услови. На пример, постојат повеќе бројни семејства, 26% кои живеат во само 10-30 метри квадратни. Остатокот од испитаниците 47% живеат до 50 метри квадратни, а само 27% живеат во домови со квадратура над 50 метри квадратни.

Покрај лошите станбени услови, и ниските месечни примања на ромските семејства се екстремно неповолни за да ги задоволат нивните основни потреби. 30% од испитаните семејства имаат месечни примања само до 2000 денари, 39 % живеат со месечни примања до 5000 денари, додека мал број од 21,5% имаат примања над 5000 денари. Загрижувачки е фактот што 9,5% од испитаните семејства нема дури никакви месечни примања.

### *А) Резултати од истражувањето: Жени*

**1. Бројност на деца**

За да дојдеме до сознание дали појавата на многудетност во ромските семејства се јавува како резултат на раното стапување во брак, на секоја од испитаничките и беше поставено прашање "На колку години си стапила во брак". Според нивните одговори дојдовме до следните резултати:

Од вкупниот број на испитани жени Ромки, 52,5% стапиле во брак од дванаесетата до седумнаесетата година, додека 47,5% стапиле во брак по навршувањето на нивното полнолетство.

Со цел да дојдеме до сознание колку жените Ромки го планирале бројот на деца во семејството пред да стапат во брак им беше поставено прашањето "Колку деца сакаше да имаш пред да стапиш во брак". На ова прашање најголем процент од испитаничките, односно 68.1% од нив одговориле дека посакувале да имаат по две деца, 10.7% посакувале три деца, 2.2% повеке од три деца, додека само13.4% сакале да имаат по едно дете, а 5,6% од испитаничките не размислувале за бројот на децата.

За да испитаме колку брачните партнери го планираат бројот на деца пред да стапат во брак, на испитаничките им беше поставено прашањето "Колку деца сакаше да има твојот сопруг пред да стапите во брак", 57.8% од испитаничките одговориле дека нивните сопрузи сакале да имаат по две деца, 11.3% посакувале да имаат три деца, 9.6% сакале да имаат повеќе од три деца, 6.3% сакале да имаат по едно дете, додека дури 15% од сопрузите на испитаничките воопшто не го дискутирале бројот на децата во семејството.

Најголем број од испитаничките односно 22,2% сега имаат две деца, 20,9% имаат три деца, а останатите 35,3% од испитаничките имаат повеке од три деца, што

укажува на несовпаѓање со нивните очекувања пред да стапат во брак (особено кога се работи за процентот на испитанички со повеке од три деца). Преостанатиот дел од испитаничките т.е 17.5% од нив имаат по едно дете, додека 4.1% немаат деца.

На прашањето "Дали планирате да имате уште деца", 18,7% одговориле потврдно, 66,3% одговориле дека не сакаат, 13,7% одговориле дека не се сигурни, а 1,3% не сакале да одговорат.

Се покажува одредена поврзаност меѓу бројот на деца во семејството со степенот на образование на родителите. Така, 51,5% од вкупниот процент на испитанички се без образование и тие имаат од 3-4 деца, додека оние 40% кои имаат завршено основно образование имаат по две деца, а 8,5% од испитаничките кои имаат завршено средно образование, исто така во просек имаат по две деца.

## 2. Посета на гинеколог и гинеколошки советувалишта

На прашањето "Дали досега имаш посетено гинеколошко советувалиште", 29,7% одговориле дека го посетиле, додека 68,4% од испитаничките не го посетиле (График 1).
Останатите 1.9% одбиле да одговорат на ова прашање.




График.1 Посета на гинеколошко советувалиште

Причините за непосетеноста на гинеколошките советувалишта се прикажани на следниот график. Од него јасно може да се види дека најголем дел од од испитаничките како основна причина за непосетување на гинеколошките советувалишта ја наведуваат неинформираноста за нивното постоење и функционирање (График 2)




График 2. Причини за непосетување на гинеколошките советувалишта

Прашани дали посетуваат гинеколог, 66.3% одговориле дека посетуваат, 32,5 % не посетуваат и останатите 1,2% одбиле да одговорат на прашањето. При тоа, од 27,5% посетуваат еднаш годишно, 7,8% два пати годишно, 6.3% одат на контролни прегледи повеке од два пати годишно, 35% одат само по потреба (при бременост или болест) и 23,4 не сакале да одговорат колку пати годишно посетуваат гинеколог.

Жените кои се изјаснија дека воопшто не посетуваат гинеколог, беа прашани за причините, при што 10% од нив не посетуваат гинеколог поради немање време, 25,7% заради немање пари, 22,8% затоа што немаат навика, 18% мислат дека не им е потребно, 4,4% затоа што немаат дозвола од сопругот, 2,6% затоа што гинекологот е маж, 7,7% зато што им е срам и 8,8% одговориле дека не посетуваат гинеколог поради страв.

Кога ги запрашавме од кого бараат согласност за да посетат гинеколог, повеќе од половината т.е 53,4% одговориле дека сами одлучуваат, додека 55% од испитаничките одговориле дека бараат согласност од сопругот. Само 5% од жените бараат согласност од свекрвата, додека 3,4% бараат согласност од свекорот, свекрвата и сопругот. За жените кои бараат согласност за посета на гинеколог од членовите на семејството сметаат дека имаат помали шанси за остварување на редовните гинеколошки прегледи.

Кога испитаничките беа запрашани "Кој пол би сакала да биде твојот гинеколог", повеќе од половината т.е 51,2% преферираат нивниот гинеколог да биде жена, 8% маж, 39,4 одговориле дека им е сеедно, додека 1,4% не сакале да одговорат.

### 3. Користење на контрацепција и појава на несакана бременост

Во делот од прашалникот за контрацепција и појава на несакана бременост испитаничките беа запрашани Дали користеле средство за заштита од несакана бременост. На ова прашање 40% од испитаничките одговориле дека користат средство за заштита, 45,6% одговориле дека не користат и 13,4% одговориле дека користат контрацепција само понекогаш, а 1% не сакале да одговорат на поставеното прашање.

Од вкупниот процент на жени кои што користат контрацептивни средства 43,8% користат таблети, 18,8 % се изјасниле дека се заштитени од страна на нивните сопрузи со користење на кондоми, 12,5 % користат инекција, 14,1 % користат спирала и дијафрагма, 7,8 % се заштитуваат со прекин на односот.
Од оние кои не користат заштита 45,6% одговориле тоа не го прават затоа што не знаеле каде да го купат, 20,3% затоа што немаат пари, 27% бидејки не им дозволува сопругот, 27,5% не сакаат, 12,5% незнаат како се користат, 21,6% не користат контрацептивно средство бидејки им е срам да побараат и 17,8% не користат средства за заштита затоа што им е страв.

Како резултат од ваквиот однос кон контрацептивните средства, висок е процентот на несакана бременост. Од График 3 може да се види дека 66,6% од испитаничките барем еднаш останале бремени без да сакаат.




График 3. Појава на несакана бременост

Од вкупниот процент на испитани жени, 25% абортирале по еднаш, 18,1% по два пати, 7,5% по три пати, 5,9% повеке од три пати но најголемиот дел од испитаничките т.е 41% не абортирале ниту еднаш додека останатите 2,5% одбиле да одговорат на прашањето. Една од основните причини за задржување на несаканите бремености кај ромската популација е немање на пари за контрацептивни средства (График 4)

За извршувањето на абортусите само 7,5% од жените одлучуваат сами, 10, 9% се изјасниле дека за тоа прашање одлучува мажот, 38, 8% одговориле дека за извршување на абортус одлучуваат заедно со сопругот, а кај останатите 42, 8% одлуките за абортирање ги донесуваат свекрвата, свекорот и мажот.




График. 4 Број на намерни абортуси

Запрашани "Дали досега задржале бременост која не ја планирале поради немање доволно пари за да абортираат", значителен процент, и тоа 41,9% од испитаничките одговориле потврдно.




График 5. Задржана несакана бременост поради немање пари за абортус

## 4. Информираност

Испитаничките беа прашани "Што за нив значи семејно планирање". Реакциите на испитаничките во врска со ова прашање се прикажани во (Табела 1). Иако е значителен бројот на жени кои одговараат дека не знаат дали понудените алтернативи во прашалникот се дел од семејното планирање, голем број од нив се трудеа да одговорат на прашањето, избирајќи погрешен одговор. Впечатливо е што дури 35% од испитаничките не даваат точен одговор ни во врска со опцијата дека семејното планирање вклучува одлука за тоа колку деца ќе има семејството и кога ќе се родат (Табела 1 ).

Табела 1. Размислувањата на жената Ромка што значи семејно планирање

| Информираност за семејно планирање | Неточно( %) | Точно ( %) | Не знае ( %) |
|---|---|---|---|
| Кога и со кого ке се стапи во брак | 14,7 | 62,5 | 22,8 |
| Одлучување каде и со кого ке се живее | 3,4 | 77,8 | 18,8 |
| Како ке се троши семејниот буџет | 12,2 | 68,1 | 19,7 |
| Колку деца ке се има и кога ке се родат | 14,1 | 65,0 | 20,9 |
| Каде ке се школуваат децата | 21,9 | 51,4 | 24,1 |

На прашањето: "Дали некогаш си слушнала за некоја болест (инфекција) на женските полови органи", 78,1% од испитаничките одговориле потврдно, а 21,9% одговориле дека не слушнале.

Од вкупниот број на испитанички 81,1% слушнале за сида, 20,6% слушнале за гонореа, само 4, 4% за ХПВ (хумано папилома вирус) 5,6% слушнале за хламидија и 7,2% слушнале за кандида, додека преостанатиот дел од испитаничките не ни слушнале за овие сексуално преносливи инфекции.

Од испитаничките беше барано да реагираат афирмативно или негативно во врска со можноста да се пренесат полови инфекции на понудените начини, прикажани во Табела 2. Од неа може да се воочи дека испитаничките воглавно ги знаат начините на пренесување (полов однос и нестерилни гинеколошки инструменти), но голем дел се несигурни во врска со  останатите алтернативи (кои не се начини на пренесување на спомenatите болести) или имаат заблуди (Табела 2).

Табела 2. Мислења за начини на пренесување на сексуално преносливите инфекции

| Начини на пренесување на СПИ | Неточно % | Точно % | Не знае % |
|---|---|---|---|
| преку бакнеж | 51,6 | 19,4 | 29,0 |
| преку ракување | 58,4 | 13,8 | 27,8 |
| *полов однос** | *3,7* | *81,3* | *15,0* |
| Преку воздух | 53,4 | 14,4 | 32,2 |
| Преку прибор за јадење | 54,3 | 15,6 | 30,3 |
| На базен | 28,4 | 32,8 | 38,8 |
| Јавно WC | 17,8 | 55,9 | 26,3 |
| *Нечисти гинеколошки инструменти** | *17,5* | *60,5* | *21,9* |

* Во табела 2, со италик букви се означени одговорите кои претставуваат точен одговор на прашањето како се пренесуваат сексуално преносливите инфекции.

Мнозинството (87,8%) не посетувале програма (предавања) за семејно планирање,а само 11,6% од нив заземале учество на предавања во кои биле опфатени теми за семејно планирање. Додека само 15% од вкупниот број на испитанички слушнале за организации кои спроведуваат вакви програми, останатите 85 % од испитаничките не слушнале никогаш за вакви организации.

Затоа пак 94% од испитаничките мислат дека треба да постојат едукативни програми за информирање на жените за семејно планирање и репродуктивно здравје; 4,7% од испитаниците мислат дека тие би биле безкорисни, а 1,3 % не одговориле.

### *Б) Резултати од истражувањето: Мажи*

Најголем процент од анкетираните мажи (50%) се со завршено основно образование, 27% се без образование и 23 % имаат завршено средно образование. Од вкупниот број, 25% од испитаниците стапиле во брак пред навршување на полнолетство, 18% на осумнаесет годишна возраст, а останатите 57% стапиле во брак после навршувањето на осумнаесетата година.

## 1. Бројност на деца

Од анкетираните мажи  кои се изјасниле дека стапиле во брак пред наполнети 18 години,  6% првото дете го добиле на истата воздраст,  17% првото дете го добиле на 21 годишна возраст, а останатите 77% првото дете го добиле после својата 21 година.

На прашањето: "Колку деца си сакал да имаш пред да стапиш во брак", 51,3% од испитаните мажи одговориле дека сакале да имаат две деца, 23.4% сакале да имаат по 3 деца, 21.6% сакале да имат  повеќе од 3 деца, додека само 3.7% од мажите сакале да имаат по едно дете.

Кога им беше поставено прашањето колку деца  сакала  да има сопругата пред стапување во брак, 60.3% одговориле од нивните жени сакале да имаат две деца, 24.7% сакале да имаат по три деца, 11.8 сакале да имаат повеке од три деца и 3.2% сакале да имаат само по едно дете.

Во моментот на истражување,  најголем процент односно  33.1% имаат 2 деца, 24.7%  имаат 3 деца,  16.6% од испитаниците имаат повеќе од 3 деца, 20.9% имаат по едно дете и 4,7 % од испитаниците немаат деца. Една четвртина испитаници планираат да имат уште деца, а останатите 75% не планираат.
На прашањето "Кој одлучува колку деца ке има во семејството", 80.3%одговориле дека одлучуваат заедно со сопругите, 11.9% одлучуваат само тие, 6.5% одлучуваат сите членови во семејството заедно, а само сопругата одлучувала кај 1.3% од испитаниците.

## 2. Користење на контрацепција




График 6. Употреба на кондом

Од График 6 може да се види дека дури 47,7% од вкупниот број на испитаници воопшто не користат кондом.

Оние испитаници кои одговориле дека не користат воопшто кондоми, тоа го објасниле со следните причини: на 17% им е скапо да го купат, на 25% им е срам да го купат, на 48% им пречи, 8% се изјасниле дека се алергични, 29% не користат затоа што не сакаат нивните партнерки, а 17% не користат кондоми поради некои други причини.

Се покажува дека користењето на кондом не е праволиниски поврзано со висината на семејниот приход. Имено кај оние кои имаат месечни примања до 2000 денари, користат кондоми во процент 42%, 51% од нив не користат никакво контрацептивно средство додека останатите 7% не сакале да одговорат. За разлика од тоа, кај оние чии месечни примања се до 5000 денари процентот на оние кои користат кондом е помал (38%), исто така, истовремено процентот на оние кои имаат односи без никаква контрацепција (55% ) е поголем од кај претходната категорија. И во едната и во другата категорија ист е процентот на оние кои не сакале да одговорат (7%) Од испитаници со месечни примања над 5000 денари, 47% користат кондом, а 34% не користат никакво средство за заштита, додека останатите 19% не одговориле на поставеното прашање.

## 3. Информираност

Во Табела 3 се дадени одговорите на испитаниците мажи за нивните размислувања што за нив значи да се планира семејство. Заблудите во врска со ова прашање се слични како кај оние кај испитаничките, со таа разлика мажите во помал процент одговараат дека не знаат за што станува збор.

Табела 3. Размислувањата на мажите Роми што за нив значи да се планира семејство

| | Неточно % | Точно% | Не знае% |
|---|---|---|---|
| Кога и со кого ке се стапи во брак | 10,9 | 73,4 | 15,7 |
| Одлучување каде и со кого ке се живее | 2,4 | 86,3 | 11,3 |
| Како ке се троши семејниот буџет | 7,2 | 77,5 | 15,3 |
| Колку деца ке се има и кога ке се родат | 6,3 | 80,9 | 12,8 |
| Каде ке се школуваат децата | 12,5 | 72,2 | 15,3 |

На прашањето "Како можеш да ја заштитиш жената од несакана бременост", најголем број од испитаниците (53,8%) одговориле дека тоа е можно со користење на кондом, 20% се изјасниле за опцијата прекинување на односот, 4,7% одговориле дека најдобро е да се апстинира во т.н. плодни денови, 2.5% одговориле дека најдобра е стерилизацијата и останатите 19% не одговориле на прашањето.




График 7. Информираноста на мажите за инфекции на половите органи

Од Графикот 7 може да се види дека е загрижувачки висок процентот на оние кои никогаш не слушнале за инфекција на половите органи кој изнесува 55,9%.

Од испитаниците беше барано да оценат како се точни неколку тврдења во врска со пренесувањето на полови инфекции ( Табела 4). Табелата покажува дека огромен процент од испитаниците имаат заблуди за тоа како се пренесуваат половите инфекции. На пример 29,4% испитаници веруваат дека половите инфекции се пренесуваат во јавното WC, додека пак 29,5% сметаат дека може да се пренесе преку бакнеж. Иако повеќето од испитаници знаат дека СПИ може да се пренесе преку полов однос, постои процент од 7,5% од испитаниците кои не се информирани дека половите инфекции се пренесуваат преку сексуален однос. А 5,3% сметаат дека заразувањето не се случува по пат на сексуално општење. Дополнително, огромен е процентот на испитаници кои одговараат потврдно за можноста на пренесување на начини на кои тоа е невозможно.

Табела 2. Мислења за начини на пренесување на сексуално преносливи инфекции кај мажите

| Начин на пренесување на СПИ | Неточно % | Точно % | Незнае % |
|---|---|---|---|
| Бакнеж | 52,8 | 25,9 | 21,3 |
| Ракување | 58,8 | 23,4 | 17,8 |
| *Полов однос** | 5,3 | 87,2 | 7,5 |
| Воздух | 60,6 | 16,6 | 22,8 |
| Прибор за јадење | 60,3 | 13,8 | 25,9 |
| Базен | 49,4 | 19,7 | 30,9 |
| Јавно WC | 43,1 | 29,4 | 27,5 |

*Со италик букви е означен точниот одговор на прашањето.

Од вкупниот број на испитаници 96,9% слушнале за сида, 39,7% слушнале за гонореа, само 14,4 знаат за ХПВ (хумано папилома вирус) 13,4% слушнале за хламидија и 17,5% слушнале за кандида, додека останатиот дел од испитаниците никогаш не ни слушнале за овие сексуално преносливи болести.

Кога станува збор за едукативни програми за семејно планирање и сексуално преносливи инфекции, посетеност за истите од страна на машката ромска популација е прилично слаба, бидејки само 5% од нив земале учество во вакви програми, додека преостанатите 95% се воопшто неинформирани за нивното постоење.

Но и покрај нивната неинформираност за овој вид на програми, 88,2% од машката ромска популација смета дека треба да постојат едукативни програми за семејно планирање, 8,4% сметаат дека тоа не потребно, а 3,4% не одговориле.

На прашањето "Дали познаваш организации кои спроведуваат ваков тип на програми" потврдно одговориле само 8.8% од испитаниците, додека останатите 91.2% одговориле негативно.

## Заклучоци

Податоците од спроведеното истражување даваат изведување на заклучоци и препораки за понатамошното делување, со цел да се разрешат одредени проблеми со кои се соочува ромската популација.

- Постои загрижувачки висок процент на малолетнички бракови;
- Степенот на неинформираност е многу висок, а неинформираноста доведува до појава на многу рани или несакани бремености, кај голем процент од популацијата резултира со непланирано голем број на деца заради немање на парични средства за намерни абортуси;
- Степенот на образование има голема улога во процесот на планирање на семејството кај ромската популација што всушност потврдија и податоците бидејки поголем број на деца се повеќе присутни кај семејствата без образование;
- Жените не посетуваат гинеколог доволно често, поради немање навика, финансиски средства или затоа што посетувањето на лекар-гинеколог дополнително подразбира барање согласност од останатите членови на семејството;
- Непосетувањето на гинеколог се јавува како резултат на неинформираноста на жената Ромка за постоење на гинеколошки советувалишта во болниците и
- Постои несакана бременост бидејки голем е бројот на оние кои не знаат да се заштитат од несакана бременост.

## Препораки

- Организирање на предавања за сузбивање на малолетнички бракови и соодветно планирање на семејството во рамките на училиштата или во одредени центри за поддршка; ваквите активности би ги намалиле малолетничките бракови, а со тоа и низа понатамошни социо-економски проблеми;

- Организирање на прегледи за населението, како и отварање на советувалишта во кои би се одржувала здраствена превентивна едукација. Советувањето би се однесувало на начинот и значењето на користење на контрацептивни средства и едукација за СПИ. Со овие активности би се сузбила неинформираноста и немањето на навика за користење кондоми;

- Организирање на кампањи, семинари и работилници,, со кои информативно би се делувало во градовите со претежно ромско население

- Воведување на активности за вулнерабилните категории во годишни програми на Министерството за здравство каде би имало поголем број на активности насочени кон подобрување на здравствената ситуација кај Ромите.

## Користена литература


1. Алуи, Л ., Петровска, Б. и Најчевска, М.(1999). Анализа на состојбите на жените и децата Роми, Скопје

2. Lakinska-Popovska Dr. Divna, Study Project, UNICEF, World Bank, September 2000 Vulnerability of Roma Children in the Dispersed Roma Comminities in Skopje,

3. Стратегија за Ромите во Република Македонија (усвоена од Владата на Република Македонија, 2005;

# Доверба на Ромите во здравствените институции, искуствата со нив и познавањето на правата за здравственото осигурување и заштита



# ВОВЕД

Нискиот степен на образование, големата невработеност, несоодветното домување, лошите социо-економски услови и предрасудите се дел од проблемите со кои се соочува ромската заедница во Република Македонија. Загрижувачката димензија на овие проблеми е регистрирана во неколку понови истражувања (ЕЦМП, 2005; Лакинска-Поповска, 2000).

Ромите во поголем дел живеат во субстандардни живеалишта, во простории каде што има влага, и кои услови доведуваат до чести заболувања на респираторниот систем (ЕЦМП, 2005). Неконкурентноста на пазарот на трудот резултира со огромна невработеност која изнесува 71,3% од вкупното работоспособно население на Ромите (ЕЦМП, 2005). Нискиот степен на образование пак, кој за жал ги засега и најмладите генерации Роми, се одразува на неколку начини на квалитетот на живеењето на Ромите во областа на здравјето и тоа преку нивните навики во врска со исхраната, вакцинациите и контролите на децата, информираноста за здравјето како и за правата во областа на здравството (ЕЦМП, 2005). Многу е веројатно, ваквата ранлива позиција да резултира и со генерална недоверба во здравствените институции што може дополнително да ја влоши ионака лошата состојба на ромската популација во овој значаен сегмент од живеењето.

Сите овие наведени проблеми со кои се соочува ромската заедница алармираат на превземање на соодветни мерки кои би ја подобриле нивната здравствена ситуација.

Водена од препораките и активностите наведени во Стратегија за Ромите во Република Македонија, во делот на здравствената заштита, како и од фактот дека досега не е направено истражување поврзано со довербата на Ромите во здравствените институции, Експертска група за здравство при Европскиот центар за малцински прашања констатира потреба да се спроведе истражување за тоа каква е довербата на Ромите во здравствените институции и колку Ромите ги познаваат нивните права во делот на здравствената заштита и здравственото осигурување.
Насочено во тој правец ова истражување има за цел да прибере податоци за степенот на доверба на Ромите во здравствените институции и за нивото на не познавање на правата во делот на здравствената заштита и здравственото осигурување. Поконкретно, Експертска група за здравство во периодот февруари - јуни 2006 година спроведе истражување со кое сакаше да утврди состојбата кај Ромите во поглед на здравственото осигурување, степенот на информираност на Ромите за правата во делот на здравствената заштита и нивната доверба во здравствените институции.

Истражувањето е водено од поттик да се добијат резултати кои ќе дадат насока на активистите кои се фокусирани на подобрување на состојбата на Ромите во Македонија и на државните институции, за спроведување на акционите планови и успешно вклучување во Декадата на Ромите.

# МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕ

### *Испитаници*

Во истражувањето е користен примерок од Роми на возраст над 18 години. Земени се оние градови каде што ромската популација е застапена над 3%. Големината на примерокот изнесуваше 678 испитаници. Во секој од застапените градови анкетирани се лица чиј број соодветствува сразмерно на бројот на ромско население кое таму живее. Лицата се бирани по однапред утврдено правило коешто обезбедува репрезентативност на примерокот, по принципот од врата-на врата. Бројот на испитаници по градови е прикажан во Табела 1.

Од вкупниот број испитаници, 49% се жени, а 51% се мажи. Структурата на примерокот од аспект на степенот на образование е прикажана на График 1.

Табела 1. Структура на примерокот по градови

| | Број на. испитаници | % |
|---|---|---|
| Скопје | 296 | 43% |
| Куманово | 67 | 10% |
| Прилеп | 67 | 10% |
| Битола | 53 | 8% |
| Штип | 47 | 7% |
| Тетово | 47 | 7% |
| Гостивар | 34 | 5% |
| Кичево | 27 | 4% |
| Кочани | 20 | 3% |
| Виница | 20 | 3% |
| Вкупно | **678** | **100%** |




График 1. Структура на примерокот според степенот на образование

### Инструмент

За мерење на степенот на познавање на нивните права во делот на здравствената заштита и здравственото осигурување, како и нивото на доверба во здравствените институции, користен е прашалник. Со цел да се провери разбирливоста на прашањата и да се прилагодат истите на целната група, инструментот беше базиран на пилот примерок.

Прашалникот се состоеше од 31 прашање.  Со првите 5 прашања се добиваат основни демографски податоци за испитаникот по што следуваат прашања за нивното здравствено осигурување и довербата во здравствените институции. Последните 5 прашања од прашалникот се посветени на утврдување на тоа колку испитаниците ги познаваат своите права кои произлегуваат согласно Законот за здравствено осигурување и Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

## Тек на истражувањето

Анкетирањето го спроведоа членовите на Експертската група за  здравство при Европскиот центар за малцински прашања, кои  претходно имаат посетувано обука за анкетирање и имаат долгогодишно искуство со работа на терен. Теренскиот дел од работата  се одвиваше во периодот  март - мај 2006.

Процесот на анкетирање беше спроведен на начин што на испитаниците им се читаше секое прашање. Во оние средини каде испитаниците го владеат ромскиот јазик анкетирањето се одвиваше на ромски јазик. Особено беше нагласувано дека анонимноста на секој испитаник е загарантирана.

## Р Е З У Л Т АТ И

### 1. Доверба во здравствените институци и искуства

На прашањето  "Дали си  здравствено осигуран" дури 89,4% од испитаниците се изјаснија дека се здравствено осигурани, додека процентот на оние кои што се изјаснија дека се здравствено неосигурани изнесува 10,6%. На прашањето за причините поради кои не го оствариле правото на здравствено осигурување 57,8% од испитаниците изјавија дека не го уживаат правото на здравствена заштита заради непријавување во Заводот за вработување како и заради неневременото пријавување. Исто така, повеќе од една четвртина од испитаниците не можат да го остварат своето право на здравствена заштита  заради немање на документи.

Табела 2. Причини за немање на здравствено осигурување

| | |
|---|---|
| Ненавремено пријавување | 31.0 % |
| Непријавување во агенција за вработување | 26.8 % |
| Немам потребни документи | 26.8 % |
| Не знам како | 5.5 % |
| Друго | 4.2 % |
| Без одговор | 5,7 % |
| Вкупно | *100%* |

На прашањето каде прво се обраќаат за помош кога се болни, 90.1% од испитаниците одговориле дека се обраќаат на лекар, но не е за занемарување (6,4%) на оние кои ги користат услугите на надрилекарите.

Испитаниците беа прашувани каде **прво** се обраќаат за помош кога се болни. Дури 6.4 % од испитаниците одговориле дека за помош прво се обраќаат кај надрилекарите, без разлика дали потоа бараат помош и од лекар или пак воопшто не го консултуираат. Овој податок укажува дека и во 21 век надрилекарите не само што земаат учество во лекувањето на Ромите, туку за голем број луѓе имаат централна улога во грижа за нивното здравје.

Испитаниците ги оценуваа лекарите и медицинските сестри кои што работат во јавните и во приватните здравствени установи, според тоа колку се задоволни од нивниот третман. На скала од 10 степени, лекарите во јавното здравство се оценети со средна оценка од 4.86 (T=2.70), а лекарите во приватното здравство добиле многу повисока средна оценка од 7.56 (T=2.29). Матичните лекари пак, просечно се оценети со оценка 5.97 (T=2.92) доколку работат во јавна здравствена институција, додека оние од приватните здравствени институции добиле значително повисока средна оценка - 7.65 (T=2.44), што воедно претставува и највисока добиена оценка.

Од оценувањето на медицинските сестри ги добивме следните оценки: за медицинските сестри во јавното здравство 4.80 (T=2.98), а во приватното 7.15 (T=2.46).

Запрашани во кои институции имаат повеќе доверба, 41,4% од испитаниците се изјасниле дека повеќе им веруваат на јавните, а 42,2 % на приватните здравствени институции. Останатите 15, 6% воопшто не ги користеле (немале искуство за да можат да проценат) услугите кој ги нудат здравствените институции.

За тоа колку просечно чекаат за прием во јавните здравствени организации, а колку чекаат за прием во приватните здравстевни институции, испитаниците ги дадоа одговорите прикажани на График 2 и График 3. Резултатите покажуваат дека во јавните здравствени организации чекаат повеке од 2 часа дури 19,8% , а оние кои што чекаат до 1 час изнесува 28,8%. За разлика од ова, чекањето кај приватните здравствени организации е многу покусо: повеќе од половина испитаници (53,2%) се изјаснија дека чекаат до 30 минути, додека многу мал е процентот на оние кои чекаат 2 часа (0.1% ) се изјаснија дека чекаат до 30 минути, додека многу мал е процентот на оние кои чекаат 2 часа (0.1% )




График 2. *Колку време обично чекаш за преглед во јавна здравствена организација?*




График 3. *Колку време обично чекаш за преглед во приватна здравствена организација?*

Искуството на 86,4% од испитаниците говори дека пациентите користат врски за да бидат побрзо прегледани од страна на лекарот и за подобар третман (График 4).




График 4. Дали имаш искуство пациентите да влегуваат со врски преку ред?

Дури 29,8% од испитаниците сметаат дека на лекарот треба да му однесат подарок за извршената лекарска интервенција (График 5), а 83,3% сметаат дека постои поткуп во здравството (График 6).




График 5. Дали чуствуваш обврска да му однесеш подарок на лекарот?




График 6. Дали сметаш дека постои поткуп во здравството?

На прашањето "Дали ти се случило лекар да ти побара поткуп", 29,8 % од испитаниците одговорија потврдно (График 7), додека 23,3% од испитаниците ги поткупиле лекарите (График 8).




График 7. Дали ти се случило лекар да ти побара поткуп?




График 8. Дали досега си дал поткуп?

Се обидовме со неколку прашања да провериме дали Ромите се чувствуваат дискриминирани  во здравството. Поставивме прашање "Дали си почуствувал дека некој лекар лошо се однесувал кон тебе затоа што си Ромка". Потврден одговор на ова прашање дадоа повеќе од половината испитаници. Истото прашање го поставивме и за односот на медицинските сестри, и добивме речиси идентичен процент на потврдни одговори (График 9 и 10).




График 9. Дали си почуствувал дека со тоа што си Ром некој лекар лошо се однесувал кон тебе?




График 10. Дали си почуствувал дека со тоа што си Ром некоја медицинска сестра лошо се однесувала кон тебе?

На прашањето "Дали имаш доверба во медицинските услуги кои ги нудат лекарите" потврден одговор дадоа само 29,5 %, од испитаниците. За околу една третина, довербата зависи од тоа за кој лекар конкретно се работи, а за сличен број испитаници (31%) довербата е делумна (График 11).




График11. Дали имаш доверба во медицинските услуги кои ги нудат лекарите?

2. Информираност за правата на здравствена заштита.

Од областа на информираноста за правата на здравствена заштита се обидовме да дознаеме колку ромската популација е информирана за нивните права кои што им се загарантирани со Законот за здравствена заштита.

Дури 64,7% од испитаниците не се запознаени со правото дека доколку лековите од позитивна листа ги земаат приватно а ги нема во државните аптеки имаат право средствата да им бидат рефундирани.

Од прашањето "Дали знаеш дека имаш дополнителен попуст за плаќање на прележан болнички ден ако си корисник на социјална помош", добивме информација дека 65,6 % не знаат, а 24% се изјаснија дека не се сигурни, додека 7,8% знаат а останатите не одговориле.

## ДИСКУСИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Ова истражување е спроведено со цел да се утврди довербата на Ромите во здравствените институции, нивните искуства како и познавањата на правата од областа на здравството кои што им се загарантитани со закон.

Здравственото осигурување е еден од основните предуслови за остварување на правата од областа на здравствената заштита. Ова истражување покажува дека дел од ромската популација се уште не може да го оствари правото на здравствено осигурување. Истражувањето покажа дека не е мал бројот на оние кои не можат да го исполнат своето законско право на здравствена заштита и здравствено осигурување (10,6%). Притоа, како причина за неостварување на ова право се посочува непријавувањето во Агенцијата за вработување, како и нередовноста во пријавувањето. Исто така испитаниците се изјасниле дека еден од проблемите за нивната неможност да го остварат правото на здравствена заштита е и немањето на документи, каде одредени законски или административни мерки го отежнуваат добивањето лични документи и државјанство, кои пак се услов за остварување на здравствените права. Во едно истражување на УНИЦЕФ, се покажало дека 56% од Ромите го имаат статусот на здравствени осигуреници по било која основа, 17 % го имаат делумно (што значи не сите членови на семејството се здравствено осигурани) и 27 % воопшто не се здравствено осигурани (Лакинска-Поповска, 2000).

Во најголем дел, кога се болни, испитаниците се јавуваат на лекар, но не е мал бројот на оние кои што ги користат услугите на надрилекарите, што треба да биде предмет на понатамошни истражувања. Дел од причините за непосетување на лекар треба да се бараат во чекањето за преглед со оглед на тоа што една петина од испитаниците чекаат повеќе од 2 часа. Дел од причините лежи и во недовербата која што се има во лекарите, а дел може да се лоцира и во немањето на парични средства, бидејќи е познато дека денешните цени на здравствените услуги, интервенциите, третманите и лековите се мошне скапи за ионака сиромашните Роми.

Доста забележителна е разликата во оценките што испитаниците ги даваат за лекарите, матичните лекари и медицинските сестри и тоа за оние во јавниот здравствен сектор и за приватниот здравствен сектор. Најслабо оценети се лекарите и медицинските сестри во јавните здравствени институции додека најдобро оценети се лекарите во приватните здравствени организации. Посредно, со сигурност може да се заклучи дека оценката е детерминирана од условите во приватните наспроти јавните здравствени институции (чекање, атмосфера), како и од односот на лекарите и останатиот персонал.

Голем е процентот на испитаниците кои се изјаснија дека пациентите влегуваат преку ред и ги користат своите врски за преглед кај лекарот, што упатува на заклучокот дека оние кои немаат врски ќе мора да чекаат и подолго време за да го остварат правото на преглед. Загрижувачки е податокот дека дури приближно една третина од испитаниците чувствуваат обврска да му однесат подарок на лекарот, а уште позагрижувачки е податокот дека дури 83,3% од испитаниците сметаат дека постои поткуп во здравството, што ги потврдува тврдењата за висока корумпираност во здравствениот систем на Република Македонија. Дури приближно една третина од испитаниците изјавиле дека лекарите им побарале поткуп, а една четвртина од испитаниците ги поткупиле лекарите.

Многу загрижувачки се податоците кои се добиваат по прашањето за лошиот однос на лекарите и медицинските сестри кон припадниците на ромската етничка заедница. Дури повеќе од половината испитаници одговорија дека имаат чувство дека поради тоа што се Роми лекарот лошо се однесувал со нив. Лошиот однос упатува на растечката дискриминација кон припадниците на ромската заедница.[1] Овој податок укажува дека треба да се донесат закони кои ќе гарантираат еднаков третман за сите пациенти приматели на здравствени услуги. Можеби и чувството за дискриминираност, во интеракција со традиционалните верувања за алтернативни начини на лекување, придонесува за ниската доверба во медицинските персонал од страна на Ромите како приматели на медицинските услуги, така што 10% од испитаните не веруваат во услугите од страна на медицинските работници, 31,1% веруваат делумно, а 27,6% им веруваат само на некои лекари.

Во однос на информираноста за нивните права и можности, истражувањето покажа дека Ромите не се информирани за одредени поволности кои што се нудат во здравствениот систем. Долгата транзиција во која се наоѓа Република Македонија, а посебно долгите и безуспешни реформи во здравствениот систем доведуваат до тоа да информациите кои се однесуваат на поволностите кои што ги нуди здратвствениот систем не стигнуваат до крајните корисници, а посебно до корисниците од ромската етничка заедница. Овој факт може да се должи на немањето на Роми во Министерството за здравство[2] и во извршната власт. И самото истражување покажа дека повеќе од половината од испитаниците не

1.Се случува здравствениот персонал да ги занемарува Ромите пациенти или да пројавува предрасуди кон нив: постојат случаи на сегрегација во болничкото сместување и нега (Стратегија за Ромите во Република Македонија)

2. Бројот на Роми заклучно март 2006 година кои работат во Министерството за здравство изнесува 0,6% од вкупниот број на вработени, при што тука е вклучен и техничкиот персонал (хигиеничарки) (Извор:Министерство за финансии на РМ)

знаат дека лековите од позитивната листа доколку ги купат приватно, (а ги нема во државните аптеки), може да им бидат рефундирани. Истото се однесува и за попустот при плаќање на прележан болнички ден, ако се корисници на социјална помош. Дури 65,6% од испитаниците не ја знаат оваа информација што укажува на тоа дека во голем дел Ромите не се информирани за поволностите кои што ги нуди здравствениот систем.

## ПРЕПОРАКИ

Истражувањето покажува дека не е мал бројот на Роми кои не се опфатени во системот на здравствена заштита. Како причини за оваа состојба се наведуваат немањето на документација, немањето на парични средства и непријавувањето во Агенцијата за вработување. Заради ова Експертската група за здравство препорачува:

1. Да се олесни административната постапка за комплетирање на потребната документација, пред се постапката за административни плаќања или доказни стандарди за престој кои би можеле да бидат посебно тешко докажливи за Ромите. Во меѓувреме да се дисеминираат релевантни информации за пристап до здравствените услуги, за оние кои сеуште го немаат регулирано својот статус;

2. Да се обезбеди бесплатната основна здравствена заштита за сите ранливи категории, вклучително и Ромите;

3. Да се обезбеди здравствената заштита да не се базира врз формално минимум завршено образование;

4. Да се внесат и одредби кои се однесуваат на здравствената сфера се со цел да се спречат евентуалните појави на директна или индиректна дискриминација во здравството, во идниот закон против дискриминацијата. За да се дополни ефективноста на овие одредби, се препорачува организирање на посебни предавања за здравствениот персонал и нивните професионални асоцијации. Се очекува пристапот на здравствените работници да биде адаптиран на нивото на знаење на пациентот, респектирајќи го нивното достоинство, доверливоста и личноста;

5. Да се реши најургентно недоволната партиципација на Ромите во Министерството за здравство со вработување на медицински сестри-Ромки кои се пријавуваат во заводот за вработување и кои би можеле да влијаат подиректно за подобрување на здравствената култура на населението;

6. Да се зголемува информираноста за правата во здравственото осигурување, како и за механизмите на нивна заштита. Асистирање во ова можат да понудат локалните граѓански организации, кои работат на здравственото образование и кои веќе имаат акумулирано извесно искуство, како и да понудат заштита за оние лица кои не се опфатени во постојниот здравствен систем;

7. Да се воведат контрола за односот на персоналот околу поткупот и корупцијата. За тоа се потребни поголеми контроли за односот на медицинските работници при давањето на услуги. Секое незаконско и неетичко однесување треба да се казнува и санкционира. За намалување на корупцијата и митото би допринело и организирање на анти-корупциска кампања. Со ваквите мерки би се подобриле услугите и односот на медицинскиот персонал кон пациентите, а воедно би се вратила и довербата на пациентите во здравствените институции.

Сите погоре неведени препораки се и во согласност со Стратегијата за Ромите во Република Македонија, во чија финализирање Експертската група за здравство при Европскиот центар за малцински прашања учествуваше со свои сугестии и препораки.

## Литература:


1. Лакинска-Поповска, Д. Vulnerability of Roma Children in the Dispersed Roma Communities in Skopje, Study Projects, Skopje: UNICEF and World Bank , 2000.

2. Европски центар за малцински прашања (ЕЦМП). Ромите за интеграцијата: Анализа и препораки, 2005

3. Стратегија за Ромите во Република Македонија, 2005

# Ромите и политичкиот живот: Ставот на Ромите кон политичките партии и причините за нивната (не)партиципација



# ВОВЕД

Со демократизацијата на политичкиот систем во Република Македонија се создаде простор за вклучување и на Ромите во политичкиот живот. За таа цел беа формирани ромски партии, но покрај тоа, Роми во политиката се вклучуваа и преку различни нeромски политички партии. Ромите во Република Македонија од 1990 година формирале неколку ромски политички партии. Во моментот активно делуваат четири ромски политички партии: Сојузот на Ромите, Обединета партија за еманципација, Партијата за интеграција на Ромите и Партијата на демократските сили на Ромите. Сојузот на Ромите, Партијата за интеграција на Ромите и Партијата на демократските сили на Ромите за време на парламентарните избори во 2006 год. се дел од коалицијата „За Подобра Македонија" каде што Ромите се застапени со еден пратеник во Собранието на Република Македонија. Од Обединетата партија на Ромите која е дел од коалицијата „За Македонија заедно"е избран еден пратеник Ром во Собранието на Република Македонија со тоа што Ромите се застапени со двајца парламентарци во Собранието на Република Македонија.

Во општина Шуто Оризари, каде што е сконцентриран најголемиот дел од ромската популација, делуваат поголемиот дел од ромските политички партии. Овие политички партии повеќе ги застапуваат интересите на Ромите во Шуто Оризари, поради што постои впечаток дека останатиот дел од ромското население во другите делови од Македонија немаат свои политички претставници.

Досегашното искуство говори дека Ромите на политичката сцена немаат значајна улога и дека тие се со мало влијание. Ромите немаат значајни претставници во институционалниот систем, поради што партиципацијата на ромската заедница во органите на власта не е на задоволително ниво.

Ромскиот политички живот во периодот од 1990 година до денес, може да се поддели во два периоди: од 1990 до 1994 кој се карактеризира со единствена ромска политичка партија, постоење на јака политичка идеја , како и сплотеност на сите Роми во Република Македонија во еден политички субјект, додека вториот од 1994 до денес се карактеризира со: недостаток на јака политичка идеја, со која што ќе се влијае во подигнувањето на свеста, отсуство на колективни ангажмани, и несоодветна политичка култура, (неконзистентен политички став, манипулирање со ромските гласови за време на изборите, апстиненција од гласање) присутност на константен политички страв за превземање на позначајни чекори за подигнување на квалитетот на живеење во ромската заедница, како и политичка определба за актери кои не се спремни да ги застапуваат ромските интереси.

Она што е карактеристично за ромските политички партии е слабата и непостојана партиски организирана структура без постојано членство и незначителни партиски приходи. Сето ова резултира со мала можност да се влијае и да се врши позначителен политички притисок врз мнозинските политички партии. Апстиненцијата на изборите, честата манипулација со ромските гласови, несоодветниот политички ангажман и активизам во ромските и нeромските политички партии и понатаму упатува на пасивен политички живот на Ромите на политичката сцена во Република Македонија.

Наведените карактеристики на маргинализираниот ромски граѓанин во политичкиот живот, како дел од актуелната состојба, упатува дека активизмот на ромските млади интелектуалци кој е концентриран воглавно во НВО-секторот, ќе има тенденции за развивање на поширока свест за ромската заедница и потребата да се понесе одговорност за актуелната состојба на Ромите во општествениот живот на Република Македонија.

По петнаесет години искуство со вклучување на Ромите во политичкиот живот, оправдано е и претставува вистински предизвик да се направи обид за анализа на ефектите од политичката партиципација на Ромите. За таа цел Експертската група за права на граѓаните при Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП) си постави неколку прашања во врска со тоа. Колку и како влијаат промените на власта во општествениот  живот на Ромите во Република Македонија, и како гледаат Ромите на политичките партии? Дали политичките партии кои ја креираа и спроведуваа власта во изминатиот период ги промовираа и решаваа проблемите во ромската заедница? Дали Ромите беа доволно активни и одговорни политички актери на политичката сцена во Република Македонија? Како нивната партиципација во власта се рефлектираше врз промените во општествениот живот во ромската заедница? Каков е ставот на Ромите кон политичките партии? Одговорите на овие и други прашања се прикажани и анализирани во продолжение.

## Актуелност и  цели на истражувањето

Од причина што во Република Македонија оддамна не е направено истражување за политичките ставови на Ромите, ова истражување наоѓа своја оправданост и се очекува да даде основа Ромите во иднина да бидат активни и одговорни политички актери на политичката сцена во Република Македонија. Ова истражување имаше за цел да прибере искуствени податоци за ставот на Ромите спрема политичките партии како и причините за нивна политичка (не) партиципација .

Вака поставената цел не е чисто академски мотивирана. Истражувањето е водено од поттикот да се добијат резултати кои ќе дадат насока на ромските активисти и на државните институции за превземање на конкретни чекори  за спроведување на активни мерки за поголема интеграција и вклучување на Ромите во политичкиот живот и во институциите на системот.

## МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Имајќи го предвид составот на истражувачкиот тим, различното истражувачко искуство на членовите на тимот, истражувањето е спроведено со анкета на пригоден примерок од етнички Роми на возраст над 18 години. Опфатени се оние градови каде што ромската популација е застапена над 3%. Големината на примерокот е 670 од кои 51% мажи и 49% жени.

За мерење на степенот на информираност, користен е прашалник прилагоден на целната група која се карактеризира со релативно низок степен на образование. Поради наведените фактори користен е разбирлив јазик со едноставни прашања.

Прашалникот содржи 25 прашања сместени во 4 батерии. Првата батерија содржи прашања за социо-демографски белези на испитаниците; втората батерија содржи прашања во врска со членството во политичките партии, мотивираноста и довербата во политички партии; третата батерија се однесува на учеството во последните избори, влијанието на партиите и други субјекти на нивниот избор за давање на глас, информираноста за изборниот систем и нивниот став за следните избори и четвртата батерија ги опфаќа прашањата за ромските политички партии, мислење околу кој ги застапува интересите на Ромите и придобивките од политичките партии за кои гласале испитаниците.

Теренското анкетирање се одвиваше во период од март-мај 2006 година. Спроведувањето на анкетата го реализираа членовите на Експертска група за права на граѓаните при Европскиот центар за малцински прашања, кои што прашалникот го зададоа во 10-те градови во Република Македонија каде што живее поголемиот дел од ромската заедница.

## Резултати од истражувањето

Податоците добиени од истражувањето говорат за релативно високо учество на Ромите во изборниот процес во Република Макеоднија. Имено на прашањето "Дали гласавте на последните избори" (а тоа беа локалните избори од 2005 година) од вкупно 668 испитаници 491 се изјасниле дека гласале, што изразено во проценти е 73,5% од испитаниците (види табела бр. 1).

### Табела 1 : Гласачка структура според нивото на образование

<table>
<tr><td colspan="5">Ниво на Образование / Дали гласавте на последните избори</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2"></td><td colspan="2">Дали гласавте на последните избори?</td><td rowspan="2">Вкупно</td></tr>
<tr><td>Да</td><td>Не</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Ниво на образование</td><td>Незавршено основно</td><td>74</td><td>6</td><td>80</td></tr>
<tr><td>Основно образование</td><td>163</td><td>153</td><td>316</td></tr>
<tr><td>Средно образование</td><td>244</td><td>18</td><td>262</td></tr>
<tr><td>Високо образование</td><td>10</td><td></td><td>10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тотал</td><td>491</td><td>177</td><td>668</td></tr>
</table>

Ваквото декларирано изборно учество на Ромите значајно отстапува од стварниот низок изборен одзив на граѓаните на целата територија на Република Македонија за време на локалните избори во 2005 година и од територијата на општина Шуто Оризари (кој изнесуваше околу 57%)

Во однос на членството во политички партии, добиените податоци покажуваат низок степен на партизираност на Ромите. Дури 87 % од испитаниците одговориле дека не се членови на ниту една политичка партија. Ова го потврдува впечатокот дека ромската зедница не е мотивирана за вклучување во политичките партии, што може да биде интерпретирано како последица на незадоволство од досегашното работење на политичките партии (види графикон бр.1)




График бр.1. Дали сте член на политичка партија

Од оние испитаници кои се изјасниле дека членуваат во политичка партија во многу поголем процент (88,9%) се мажи, додека жената Ромка партиципира со само 11,1% (види табела бр. 2) Недоволната партиципација на жената Ромка во политичките партии е состојба која е присутна и пошироко во регионот. Истражувањето што го спроведе УНДП – РСЦ – ИЛО во пет земји (Чешка, Словачка, Унгарија, Бугарија и Романија[1]), констатираше низок степен на партиципација на жените во политиката во сите земји опфатени со истражувањето. Оттаму произлезе и една од главните препораки: подигање на свеста на жената Ромка и нејзино проактивно делување за поголема вклученост во политичкиот живот.

1. UNDP-RSC/ILO (April 2002), Toward Diversity with a Human Face: Roma Issues in Central and Eastern Europe from Sustainable Human Development Perspective, Roma Regional Human Development Report

Табела 2 : Полова структура на членство во политичка партија

| | | Дали сте член на партија? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | |
| Пол | Машки | 80 | 261 | 341 |
| | Женски | 10 | 317 | 327 |
| | | 90 | 578 | 668 |

Делумно објаснување за ниското ниво членство на Ромите од Република Македонија во политичките партии се добива со анализата на прашањето „Зошто не членувате во политичка партија?" Како главен фактор се издвојува недоверба кон политичките партии (види график бр. 2). Резултатите сумирани по однос на причините за не-членувањето во политичките партии се следниве: недовербата 41 %; отсуството на политичка партија која што им се допаѓа 22 %; не сакаат да членуваат 34% Ваквите одговори откриваат простор за идни активности на постоечките ромски и нeромски политички партии кои што го црпат и го бараат својот легитимитет од граѓаните.




График. бр.2 Зошто не членувате во политичка партија

Иако би било логично испитаниците да очекуваат и да почувствуваат или да добијат одредени придобивки од политичките партии на прашањето "Дали досега имале некаква корист од политичките партии", дури 82% од испитаниците се изјаснија дека досега немаат никаква корист (лична и општествена) од политичките партии (види график бр.3 )




График бр. 3 Дали сте имале корист од некоја политичка партија

Од графиконот може да се види дека дури 82% од испитаниците се изјасниле дека немаат никаква корист од политичките партии. Покрај недовербата немањето на корист од политичките партии, претставува уште една причина за не членување во политичките партии.

И покрај тоа што испитаниците се изјасниле дека немаат доверба и корист од политичките партии, сепак значителен дел од испитаниците сметаат дека нивните интереси најдобро може да ги застапуваат ромските политичките партии (57%).
Освен политичките партии, како втор по значајност потенцијален застапник на интересите на Ромите се издвојуваат невладините организации. Дури 43% од испитаниците сметаат дека НВО се најважни за застапувањето на ромските интереси (види график бр.4 ).




График бр.4 Кој може најдобро да ги застапува ромските интереси

Во однос на прашањето "Дали сметате дека ромските политички партии ги застапуваат ромските интереси„ (графикон 5) 46,3% од испитаниците не се сигурни односно не знаат дали ромските политички партии ги застапуваат ромските интереси. Овој процент може да биде предизвикан од слабата активност на ромските политички партии и непосветеноста за решавање на проблемите на ромската заедница. Чувството на недоволна застапеност на интересите на заедницата е присутно како во Република Македонија така и во регионот. Според истражување на УНДП – РСЦ – ИЛО спроведено во пет земји (Чешка, Словачка, Унгарија, Бугарија и Романија)[2] се констатира дека во тие земји честопати Ромите чуствуваат дека нивните интереси не се доволно застапени.

На прашањето „Дали сметате дека вашите интереси се доволно застапени", 13,7% одговориле со „Да" на државно ниво, и 20,2% на локално ниво. Во Чешка и Словачка процентите се малку повисоки односно 25% од испитаниците одговориле дека нивните интереси се добро застапени на државно и локално ниво [3].




Графикон 5. Дали сметате дека ромските политички партии ги застапуваат ромските интереси

Незадоволството од работата на ромските политичките партии кај испитаниците вклучени во истражувањето предизвикува политичка апатичност. На прашањето "Дали ќе гласате на следните избори," 40% од испитаниците не знаеле дали ќе гласаат, додека 29% изјавиле дека воопшто нема да гласаат.

Истражувањето се спроведе непосредно пред парламентарните избори 2006 година. Од таа страна интересно е да се истакне дека процентот на оние кои во нашето истражување се искажале дека нема да излезат на гласање се совпаѓа со процентот на изборна апстиненција во Шуто Оризари на парламентарните изборите во 2006 година . Со други зборови, овие избори беа директен индикатор за релевантвноста на истражувањето.

2. Исто
3. Исто




График 6. Дали ќе гласате на наредните избори

## Заклучоци

Врз основа на добиените резултати од спроведеното истражување се заклучува дека:

- Во Република Македонија постои слаба политичка организираност на Ромите. Меѓу показатели на оваа состојба е многу малиот број Роми кои членуваат во политички партии;

- Ромите изразуваат голема недоверба кон политичките партии, кои инаку ги гледаат како најрелевантни потенцијални застапници на нивните интереси;

- Ромите полагаат надеж во ромските политички партии како идни посериозни актери во застапувањето на нивните интереси;

-Застапеноста на жената Ромка во политиката е на недоволно ниво.

Резултатите од истражувањата ги потврдуваат поранешните сознанија во Стратегијата за Ромите во Република Македонија, дека постои скептичност на ромските граѓани кон политичките партии кои Ромите ги идентификуваат со партиските лидери и елити. Исто се потврдува присутноста на очекувањата, ромските преставници да бидат поангажирани во промовирањето и решавањето на проблемите и приоритетите на ромската популација.

4. Според Државната изборна комисија 29,49% од вкупно запишаните избирачи излегле на гласање.

## Препораки

Врз основа на сознанијата и добиените податоци од истражувањето се препорачува:

- Покренување на сериозна расправа за политичкиот активизам на Ромите од Република Македонија;
- Реформирање на ромските политички партии и нивна поголема ориентација кон мотивирањето на граѓанството за зачленување во политиката;
- Покренување на иницијативи за подигање на јавната свест за активно и одговорно вклучување на Ромите во политиката;
- Организирање на кампањи за едукација за зголемена партиципација на жената Ромка во политиката;
- Поттикнување на свеста за гласачката моќ на граѓанството;
- Иницирање на идни истражувачки активности за испитување на корелацијата помеѓу нивото на образование и политичката партиципација.

## Користена литература:


1. Стратегија за Ромите во Република Македонија (усвоена од Владата на Република Македонија, 2005

2. Балиќ, О. (2004), Општи приступ у јавном политичком деловању Рома, Београд

3. Соботка, Е.(2002) Political representation of the Roma: Roma in politics in the Czech Republic, Slovakia and Poland, www.policy.hu/sobotka/researchpaper/.pdf

4. UNDP-RSC/ILO (April 2002), Toward Diversity with a Human Face: Roma Issues in Central and Eastern Europe from sustainable human development perspective, Roma Regional Human Development Report.

# Субјективното чуство на Ромите во Република Македонија во однос на Рамковниот договор



# Вовед

На 13 август 2001 година е потпишан Охридскиот рамковен договор. Со него се отфрли употребата на насилството и се стави крај на неколкумесечниот воен конфликт. Со овој договор се промовираше мирниот и хармоничен развој на Македонија како граѓанското општество, истовремено почитувајќи го етничкиот идентитет и интересите на сите македонски државјани.

Со Рамковниот договор се потврди унитарниот и мултиетнички карактер на државата и истовремено се дадоа насоки во кој правец ќе се движи македонското општество во наредниот период. Со договорот се предвидоа реформи кои што значеа измени на неколку суштински закони, со кои ќе се овозможи зголемување на надлежностите на избраните локални претставници, како и усвојување на закони за финансирање на локалната самоуправа. Во законите со кои се регулираат вработувањата, се предложија мерки со кои ќе се обезбеди правична застапеност на заедниците во сите централни и локални јавни тела и на сите нивоа на вработување во тие тела. Значајна измена е предвидена во делот на донесување на законите кои директно ги засегаат културата, употребата на јазикот, образованието, личните документи и употребата на симболите. Ваквите закони нема да можат да се усвојат без двојно мнозинство. Тоа значи дека за нивно донесување е потребно освен мнозинство од вкупниот број пратеници во парламентот и мнозинство од вкупниот број пратениците кои се изјасниле дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Република Македонија.

Измени се предвидоа исто така и во однос на употребата на симболите. Непосредно до симболите на Република Македонија, на локалните власти им се остава на слобода на предната страна од локалните јавни објекти да поставаат симболи со кои се обележува и идентитетот на заедницата која што е во мнозинство во општината.

Во целина земено, Рамковниот договор и уставните и законските измени кои следеа врз основа на тој договор беа во функција на забрзување на реформите во делот на високото образование,[1] правичната застапеност на заедниците во сите централни и локални јавни тела, употребата на јазикот и симболите и други значајни сфери.[2]

Имајќи го предвид ваквото големо значење на Рамковниот договор, Експертската група права на граѓаните, оцени дека е оправдано да се испитаат субјективните чувства на ромската популација во Република Македонија кон Рамковниот договор и ефектите од неговото спроведување. Ваквиот интерес е заснован на фактот дека донесувањето и спроведувањето на Охридскиот договор и законските измени предизвикани од него, се одразуваат на положбата на сите граѓани и заедници, а тоа значи на положбата на граѓаните од ромската заедница.

1. Пред Охридскиот рамковен договор, припадниците на етничките заедници немаа право на високо образование на мајчин јазик, а по потпишувањето на Рамковиот договор тоа право го доби само албанската етничка заедница
2. Пред Охридскиот рамковен договор, минорна беше партиципацијата на етничките заедници во државната и јавната администрација, а по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор посебен акцент беше даден на вработувањето на припадниците на етничките заедници

Охридскиот рамковен договор во теорија претставува документ на компромис. Во неговото донесување учествуваа четирите најголеми политички партии[3]. Помали политички партии, меѓу кои и ромските, не беа инволвирани во преговорите. Ромите немаа можност да ги изложат сопствените ставови при донесувањето на Рамковниот договор. Тоа, на одреден начин зборува за местото на ромската заедница во структурите на моќта во земјата. Но, уште повеќе, од особена важност за ромската заедница е спроведувањето на договорот во делот на правичната застапеност на ромската заедница во јавната администрација, образованието, со акцент на запишувањето во државните високо образовни институции и информираноста за содржината на Рамковниот договор. Токму овие прашања беа предмет на нашето испитување.

## Истражувачки проблем

Рамковниот договор, односно неговото спроведување е прашање кое зазема многу важно место во јавниот живот во Република Македонија. Тоа е одраз на длабочината на промените кои произлегуваат од неговото спроведување. Ефектите од тоа различно се сфаќа и толкуваат од страна на граѓаните. Заради тоа Експертската група за права на граѓаните при Европскиот центар за малцински прашања, се сосредоточи на испитување на односот на ромската заедница кон Рамковниот договор. Наша цел беше да утврдиме колку Ромите во Република Македонија знаат за Рамковниот договор, дали Ромите знаат што овој Договор содржи и што очекуваат од истиот, какви се нивните оценки за ефектите од спроведувањето на Рамковниот договор врз положбата на Ромите споредбено со другите заедници во Републиката.

## Метод на истражување

Во истражувањето е применет анкетниот метод. Анкетниот прашалник беше задаван лично на испитаниците и содржеше прашања од отворен и затворен тип, прилагодени на целната група.

Анкетата беше изведена врз примерок од 670 Роми на возраст од 18 до 45 години. Образовната структура на испитаниците е прикажана на Табела број 1, од која може да се види дека ниското образовно ниво на испитаниците - над 50% се со незавршено или завршено основно образование и кореспондира со образовната структура на ромската популација во целина.

Мажите беа во поголем процент (64%) застапени во примерокот. Анкетирањето беше спроведено во период од март – април 2006 година, во 10 градови низ Републиката во кои застапеноста на припадниците од ромската заедница е над 3% од вкупното население и тоа во Гостивар, Тетово, Кичево, Прилеп, Битола, Скопје, Штип, Виница, Кочани и Куманово.

---

3. Охридскиот рамковен договор е потпишан од страна на претседателите на двете најголеми македонски партии (Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и ВМРО-ДПМНЕ) и двете најголеми албански партии (Партијата за демократски просперитет и Демократската партија на Албанците), а под покровителство на тогашниот претседател на РМ, Г-динот Борис Трајковски

Табела бр.1 Степен на завршено образование

| | Број | % |
|---|---|---|
| Незавршено основно образование | 118 | 22% |
| Завршено основно образование | 202 | 37,6% |
| Незавршено средно образование | 48 | 8,9% |
| Завршено средно образование | 139 | 25,9% |
| Незавршено вишо образование | 7 | 1,3% |
| Завршено вишо образование | 2 | 0,3% |
| Незавршено високо образование | 9 | 1,6% |
| Завршено високо образование | 10 | 1,8% |

## Резултати

Во согласност со целите и проблемот на истражувањето, добиените резултати ги отсликуваат ставовите на Ромите во однос на:

- Информираноста на Ромите за Охридскиот рамковен договор
- Општествениот статус на Ромите по донесувањето на Охридскиот рамковен договор и евентуалните промени во тој статус и
- Ставот на Ромите за нивниот третман во образовните институции

### *Информираноста на Ромите за Охридскиот рамковен договор*

Испитувањето покажува прилично висок степен на информираноста на Ромите за Охридскиот рамковен договор. Дури 86% од испитаниците слушнале за Охридскиот рамковен договор, и истовремено 48% од нив знаат што тој соддржи (график бр.1).




График број 1 Информираноста на Ромите за содржината на Рамковниот договор

На прашањето “Од каде слушнале за Рамковниот договор” дури 79,29% од нив одговориле дека извор на информации се мас-медиумите, додека останатите (20,71%) се информирале преку невладините организации.

Спротивно на оваа релативно висока општа информираност на Ромите за содржината, нашето испитување покажува многу низок степен на информираност за некои конкретни аспекти на спроведувањето на Рамковниот договор. Имено, прашани дали знаат за конкурсите за вработување на државни службеници со средно и високо образование од редот на етничките заедници, дури 66,5% од испитаниците одговориле дека воопшто не знаат дека такви конкурси имало или биле објавени (табела бр.2)

Табела број 2 Информираноста за конкурсите за вработување на државни службеници

| | |
|---|---|
| Да, знаев за двата | 16,4% |
| Да, знаев само за едниот | 17,1% |
| Не, не знаев за ниту еден | 66,5% |

Претпоставувајќи една ваква ситуација, а имајќи ги предвид применето развојните цели на ова истражување испитаниците ги прашавме за најдобриот начин на кој би сакале информацијата да стигне до нив. Како главен канал се издвојува телевизијата. 51,8% од испитаниците сметаат дека информацијата е најдобро да ја добиваат преку ТВ, 10,5% преку невладините организации, а останатите информацијата би сакале да ја добиваат преку весници, радио и преку организирани трибини (табела бр.3).

Табела број 3 Најдобар начин во иднина за информирање на Ромите

| | |
|---|---|
| Телевизија | 51,8% |
| Невладини огранизации | 10,5 |
| Весници | 9,3% |
| Организирани трибини | 6,5% |
| Радио | 2,0% |
| Не одговорил | 19,9% |

Ваквата состојба на планот на информирањето се одразува врз ставовите на испитаниците во однос на двата наредни комплети прашања во врска со ефектите од спроведувањето на Рамковниот договор врз општиот статус на Ромите во земјата и врз нивното место во образовните институции.

## Ставови околу општествениот статус на Ромите по донесувањето на Охридскиот рамковен договор

Оценката за тоа дали и на кој начин спроведувањето на Охридскиот договор има одредени ефекти врз населението во Македонија во целина или пак врз некои негови делови е прилично сложена. Со цел да изведеме една поедноставна оценка испитаниците ги прашавме индиректно да оценат, според нивно мислење за кого е донесен Охридскиот договор. На ова прашање, дури 49% од анкетираните одговорија дека "Охридскиот договор е донесен да ја подобри состојбата на сите", малку помал процент (42%) оценува дека одговара дека Охридскиот договор е донесен да ја подобри положбата на Албанците и еден мал дел (9%) оценува дека тој е донесен да ја подобри положбата на Ромите (график бр.2).




График број 2 Впечаток од испитаниците за прашањето "Чија состојба треба да подобри Охридскиот Рамковен договор"

На прашањето "Кој е одговорен за имплементацијата на Охридскиот рамковен договор", најголемиот процент (43,8%) точно оценуваат дека за тоа е најодговорна владата. 21% сметаат дека најодговорен за имплементацијата е Претседателот на РМ, додека Собранието на Република Македонија и меѓународната заедница се воочуваат како помалку одговорни за спроведувањето на Рамковниот договор (график бр.3).




График број 3 Одговорен орган за имплементација на Охридскиот рамковен договор

Испитаниците покажуваат висок степен на критичност кон досегашните ефекти на спроведувањето на Рамковниот договор врз општествениот статус на Ромите во Републиката. Имено, дури 78,7% од испитаниците сметаат дека не постои правична застапеност на Ромите во јавната администрација, а скоро ист процент (72 %) од испитаниците оценува дека не се подобрила застапеноста на Ромите во државната и јавната администрација по донесувањето на Охридкиот рамковен договор (график бр.4 и бр.5).




График број 4 Субјективно чувство на Ромите дали се правично застапени во државната и јавна администрација




График број 5 Дали се подобри застапеноста на Ромите во државната и јавната администрација по донесувањето на Охридскиот рамковен договор

Ваквата негативна оценка, е проследена со уште понегативен став дека при вработување во државната и јавна администрација постои дискриминација по основ на етничка припадност. Може да се претпостави дека оние 85% од испитаници кои оценуваат постоење на дискриминација врз етничка основа при вработувањето во администрацијата, токму себеси и својата (ромската) етничка заедница ја гледаат како предмет на таквата дискриминација (график бр.6).




График број 6 Присуство на дискриминација при вработување по основ на етничка припадност

Горните тврдења, се во согласност со оценките на испитаниците за тоа кој е најголемиот добитник од спроведувањето на Охридскиот договор. Имено, на прашањето кој има најголем бенефит од досегашната имплементација, дури 93% од испитаниците сметаат дека тоа се припадниците на албанската етничка заедница, а само 1,3% од испитаниците сметаат дека најголем бенефит имаат Ромите (график бр.7).




График бр.7 Најголем бенефит од досегашната имплементација на Охридскиот рамковен договор

Овие оценки исто така се совпаѓаат и со оценките за промените во третманот на граѓаните на Република Македонија од ромската заедница во образовниот систем.

## Ставот на Ромите за нивниот третман во образовните институции

Во однос на ставот на Ромите за нивниот третман во образовните институции, дури 80% од испитаниците сметаат дека Ромите немаат еднаков третман во високо образовните институции (график бр.8), а 52% од испитаниците сметаат дека националната квота не се применува правилно (график бр.9).




График бр.8 Еднаков третман на Ромите при уписи во високо образовните институции




График бр. 9. Правилна примена на националната квота за упис во високото образование

## Дискусија и заклучоци

Иако Охридскиот рамковен договор е еден од оние договори со кој суштински се менуваат демократските процеси на Република Македонија и еден од условите за членство на Република Македонија во Европската унија, истражувањето покажува дека кај припадниците на ромската заедница постои незадоволство од неговата имплементација. Се оценува дека истиот повеќе ја подобрил положбата на припадниците на другите етнички заедници, а најмалку на ромската етничка заедница.

Резултатите несомнено покажуваат дека голем дел од испитаниците слушнале за Охридскиот рамковен договор и дека речиси половината од нив ја знаат содржината на договорот. Оттука и очекувањата дека Охридскиот рамковен договор е донесен да ја подобри положбата на сите етнички заедници кои живеат во Република Македонија, а не само за подобрување на положбата на припадниците на албанската етничка заедница.

Спротивно на ваквите очекувања, огромен дел од испитаниците сметаат дека не постои правична и еднаква застапеност на Ромите во јавната администрација и јавните претпријатија. Ова наше сознание се совпаѓа со официјалните податоци за учеството на Ромите во јавната администрација и јавните претпријатија, каде што партиципацијата на Ромите заклучно февруари 2006 година изнесува 392 или 0,55%.[4] Уште помала е бројката на Роми кои што имаат статус на државни службеници [5], што го поткрепува мислењето на анкетираните Роми дека не постои правична и еднаква застапеност на Ромите во јавната администрација.

Постои висока свест за тоа дека Охридскиот рамковен договор ја подобрил само положбата на албанската етничка заедница, и дека Ромите немаат никаков бенефит од досегашната имплементација на овој договор. Како дополнение на овој нивни став може да се наведе и податокот според кој партиципацијата на припадниците на албанската етничка заедница се зголемила од 8.164 или 11,17% во јануари 2003 на 11.417 или 16,3% во февруари 2006 година.[6]

Врз основа на овие сознанија, се покажува како сосема логична оценката на загрижувачки големиот процент (85%) од испитаниците кои сметаат дека постои дискриминација при вработувањето во јавната администрација и јавните претпријатија по основ на етничка припадност. Може да се протолкува дека

4.Според необјавеното истражувањето на Ибрахим Ибрахими „Партиципација на Ромите во јавната администрација" направено за потребите на Програмата „Дипломатија за Роми", (податоци добиени од Министерството за финансии) вкупниот број на вработени во јавната администрација и јавните претпријатија заклучно февруари 2006 изнесува 70.226 од кои 329 се припадници на ромската заедница.
5. Спред истото истражување бројката на Роми со статус на државни службеници изнесува 33 од кои 21 се со звање помлад референт, 1 со звање референт, 5 со звање виш референт, 3 со звање самостоен референт, 1 со звање виш соработник, 1 со звање раководител на одделение и 1 со звање раководител на сектор.
6. Според истото истражување.

Ромите во Република Македонија не се чувствуваат еднакви граѓани и сметаат дека поголема можност за вработување имаат припадниците на македонската и албанската заедница.

Истражувањето покажува дека конкурсите кои се објавуваат од страна на државните институции, а кои се однесуваат на можност за вработување во јавната администрација и јавните претпријатија, не стигнуваат до Ромите.[7] Висок е процентот на Роми кои не слушнале за конкурсите објавени во 2004 и 2005 година за вработување на државни службеници со средно и високо образование од претставниците на етничките заедници. Може да се заклучи дека при досегашниот начин на информирање, информацијата не стигнувала до припадниците на ромската етничка заедница.

Во делот 6 од Охридскиот рамковен договор[8] кој се однесува на правото на образование и употребата на јазиците, стои дека при уписот на државните универзитети на нови студенти припадниците на помалите етнички заедници се применува принцип на позитивна дискриминација и квоти за упис. И покрај ова, 80% проценти од испитаниците сметаат дека припадниците на ромската етничка заедница немаат еднаков третман во високо образовните институции. Исто така, висок е процентот на оние кои сметаат дека квотата за упис во високото образование на припадниците на етничките заедници не се применува правилно, што може да се протолкува дека постои злоупотреба на квотите и дека квотите не ги користат Ромите, туку припадниците на другите етнички заедници.[9]

## ПРЕПОРАКИ

- Владата да спроведува континуирано обуки, курсеви и подготвување на лицата за вработување во институциите на државата, со поголем акцент на ромската етничка заедница како најмаргинлизирана заедница во Република Македонија
- Државата во наредниот период да работи на обезбедување на еднакви можности за севкупната партиципација на ромската популација, како и останатите малцинства кои не се доволно застапени во законодавната, извршната, јавната и државната администрација
- Државата континуирано и активно да работи со ромската етничка заедница за обезбедување фондови и услови за повисоко ниво на информирање на јазиците на помалите етнички заедници преку ТВ;

7. Во текот на 2004 и 2005 година објавени се конкурси за прием на 600 кандидати припадници на заедниците за работа во органите на државната администрација (PACE Програма)
8. Во точка 6,3. од Охридскиот рамковен договор стои: “При уписот на државните универзитети на нови студенти, кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинско население во Македонија, ќе се применува принципот на позитивна дискриминација, се додека уписот правично не го одрази составот на населението во Македонија“ (www.president.gov.mk/prilozi/dokumenti/180/Ramkoven)
9. Исто така на одредени факултети, и покрај законската обврска за примена на квоти за припадниците на етничките заедници, не постои квота за припадниците на ромската етничка заедница. При уписот во учебната 2006/07 година на Институтот за социјална работа и политика при Филозофскиот факултет, не постои квота за Роми.

• Државата конзистентно да работи на мултикултурно претставување на државата во Македонија во светот и притоа активно да ги вклучува националните малцинства

• Државата заедно со ромската заедница (политичките партии и граѓанскиот сектор – НВОите) да работат во креирање на програми за надминување на недовербата од страна на Ромите кон институциите на државата

• Донесување на Законот за антидискриминација кој ќе претставува главен механизам за заштита од било каква дискриминација по основ на етничка или по било кој друг основ.

## Користена литература


• Рамковен договор, www.president.gov.mk/prilozi/dokumenti/180/Ramkoven

• Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства (1995), www.covekovi-prava.gov.mkhtml/ramkovna_konvencija_za_zastita_na nacionalnite malcinstva

• Социоекономска состојба на националните малцинства во Република Македонија ( група за човекови права ЕЦМИ 2004 г.)

• Далиповска Ѓ., Мустафов С., Дурмиш Д., (2004) “Еднаков пристап на Ромите во јавна администрација“, Скопје, финансирано од страна на Интернационалната група за малцински прашања

• Ибрахими, И. (2006) “Ромите и нивната партиципација во јавната администрација во Република Македонија“ (необјавено истражување направено за потребите на “Дипломатија за Роми“)

# Активните мерки за вработување и нивната примена кај ромската заедница во Република Македонија



# ВОВЕД

Еден од главните проблеми си кои се соочуваат граѓаните на нашата земја е високата стапка на невработеност (37%)[1]. Таа е проследена со пораст и продлабочување на сиромаштијата. Иако макроекономската стабилност во државата трае повеќе од една деценија, таа не предизвика позначителни подобрувања во економијата и вработувањето. Невработеноста претставува сериозен предизвик и за Република Македонија.

Со цел да ја намали невработеноста, а со тоа и нејзините пропратни негативни појави од средината на 2004 година Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика (МТСП) усвоија нови политики со цел да се намали невработеноста преку т.н. Активни мерки за поттикнување на вработувањето. Овие мерки беа усвоени во исто време со давањето на новата проактивна улога на Националната агенција за вработување (НАВ) и мрежата од 30 локални Центри за вработување во посредувањето помеѓу работодавците и работната сила на пазарот на трудот. Активните политики на пазарот на труд промовирани од страна на Владата се концентрираат на три вида мерки: (1) поддршка во обезбедувањето на работа (информација, посредување и советување); (2) организирање на програми за обука (квалификација и преквалификација), и (3) создавање услови и поддршка за директни отворања на нови работни места. [2]

Имајќи ја предвид релативно повисоката стапка на невработеност кај ромската заедница во Република Македонија, овие политики и мерки на специфичен начин ја погодуваат оваа категорија граѓани.

# РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА И НЕВРАБОТЕНОСТА

Општо познато е дека Ромите денес претставуваат најголемо, најсиромашно и најбрзо демографски растечко малцинство во Европа. Ромите се значително помлада популација во однос на мнозинската популација во земјите во кои тие живеат. Во моментов 25-30% од Ромите се под 15 години старост наспроти просекот од 10% од мнозинските популации. Поради нивниот млад демографски профил, Ромите ја претставуваат иднината на многу земји од Централна и Источна Европа и затоа овие земји треба да се зафатат со предизвикот за нивен економски и социјален развој. [3]

Во Република Македонија според Пописот од 2002 година  има 53.879 или 2,66% Роми.  Од нив 44% живеат од социјална помош, 30% од лични приходи, 22% од "други" извори и 4% од пензија. Кај 39% од случаите не работи ниту еден член во семејството, а кај 40% само еден. [4]

---

1. Националната агенција за вработување – НАВ, април 2006 година
2. Политиките и мерките насочени кон зголемување на стапката на вработеност и во исто време намалување на високите стапки на невработеност и борбата против социјалната исклученост, се опфатени во рамките на трите хоризонтални приоритети и десетт Насоки за вработување на Европската стратегија за вработување, усвоена од Европскиот Совет во јули 2003 година (Одлука на Советот од 22 јули 2003 за Насоки за политиките за вработување во земјите членки, 2003/578/ЕЦ).
3. ,,Ромите во проширена Европа: Предизвици за иднината" Конференција одржана во Будимпешта од 29 јуни до 1 јули 2003 година
4. Ромски економски форум, одржан од 25-26.03.2004 во Скопје.

Бројот на невработени Роми во евиденцијата на Агенцијата за вработување, заклучно со 30 април 2006 година, изнесува 16.034 Роми[5]. Тоа значи дека невработеност кај ромската популација и понатаму продолжува да биде над 70%. Големиот процент на невработеност кај ромската популација меѓу другото е и резултат на непревземањето на системски мерки, од страна на надлежните институции, кон решавање на овој долгорочен проблем со ромската популација.

## АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Согледувајќи ги сите наведени состојби, кои, помалку или повеќе, се слични во сите земји од Европа, Европската Унија ја усвои Агендата ЕУ 2000 според која сите членки и идни кандидати за членство, треба да изградат национални стратегии за интеграција на Ромите. Република Македонија беше последна во регионот која изработи национална стратегија за Ромите во 2005 година. Паралелно со ова, меѓународните организации и фондации во Будимпешта ја промовираа "Декадата на вклучување на Ромите 2005- 2015", со цел организирано и координирано да се забрза вклучувањето на Ромите во општеството. На почетокот на 2005 година Република Македонија потпиша Декларација за отпочнување на Ромската декада 2005- 2015 и се обврза како земја која ги поддржува овие иницијативи и донесе Акциони планови со кои се стреми да се придонесе за намалување на социо-економскиот јаз помеѓу Ромите и мнозинското население.

Асоцијацијата за демократски развој на Ромите – Сонце – Тетово (АДРР "Сонце" – Тетово) во публикуваната микро студија, "Политики за намалување на невработеноста на Ромите", од јануари 2006 година, покрај проценката колкава е користа на ромската популација од досегашните програми и политики за вработување како посебен проблем го идентификува прашањето на информирање и начинот на кој информациите пристигнуваат до заинтересираните Роми. Резултатите покажале дека над 45% Роми немаат слушнато за ниту една програма на институциите и донаторите, 41% слушнале за т.н. "Бранков закон", 11,24% слушнале за CARDS програмата и 3,4% за "Prizma".

Во државата нема систем или механизми преку кои може да се следат или добијат податоци за учеството на Ромите во развојните програми за вработување поддржани од институциите или донаторите. Според ова истражување, во периодот 1991-2005 Македонија има добиено над 2,1 милијарди евра финансиска подршка во различни сектори, од кои околу 185 милиони евра беа насочени во бизнис секторот. Исто така, нема посебни податоци или бројки за тоа колку од овие средства беа искористени за потребите на ромската популација во Македонија.

Имајќи во предвид дека Активните мерки се релативно нови во нашето секојдневие, чувствуваме потреба да ги презентираме истите според добиените информации од НАВ. За поттикнување на вработувањето во Република Македонија, утврдени се девете групи на мерки: 1.Услуги од размената на трудот на невработените и други лица кои бараат работа (Советување за вработување, Професионална ориентација, Подготовка за вработување на невработените и други лица), 2.Вложување на паричниот надоместок, 3.Јавни работи, 4.Ослободување од плаќање персонален

5. Во месец јуни 2006 бројот на невработени Роми изнесува 11.316 Роми, или помалку 4,718 Роми

данок од доход, 5.Закон за поттикнување на вработувањето, 6.Ослободување од плаќање на данок во земјоделска дејност, 7.Волонтерска работа, 8.Давање на земјоделско земјиште во сопственост на државата на плодоуживање, 9.Вработување на инвалидни лица.

Во досегашниот период беа воспоставени повеќе Активни мерки на пазарот на трудот. Од нив денес се спроведуваат: услуги од размена на трудот на невработените лица и другите лица кои бараат работа (советување за вработување, професионална ориентација, подготовка за вработување на невработените и други лица), вложување на паричниот надоместок, јавни работи, вработување на инвалидни лица.

Во 2004 година политиката на пазарот на работна сила беше насочена кон креирање на нова концепција на водење на активна политика за генерирање на нови можности за вработување преку заедничко и координирано дејствување на сите чинители на пазарот на трудот. Нејзините мерки и активности беа фокусирани кон создавање на услови и поддршка за отварање на нови работни места, организирање на програми за обука и осовременување на информацискиот систем.

Промоцијата на Активните мерки за поттикнување на вработувањето продолжи да се интензивира и се повеќе да се презентира во јавноста од страна на претставниците на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и Националната агенција за вработување (НАВ) паралелно со воведувањето на нови мерки за вработување и нивните резултати.

Следејќи ги редовно состојбите во оваа област, Експертска Група за вработување при Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП) заклучи дека има потреба да се истражи овој проблем меѓу ромската популација, со цел да се дојде до сознание дали овие мерки се промовираат кај Ромите и какви ефекти имаат во однос на нивното вработување.

## МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Имајќи ја во предвид комплексноста на проблемот ова истражување е фокусирано само на конкретното прашање за Активните мерки за вработување во Република Македонија и нивната примена во ромската заедница.

Истражувањето беше спроведено со три истражувачки техники применети врз специфични категории испитаници: анкета со невработени Роми, фокус групи со претставници од бизнис секторот на Ромите и полустандардизирани и длабински интервјуа со претставници од Центрите за вработување. Со анкетата беа опфатени 636 невработени Роми; 62,3% мажи и 37,7% жени, од: Битола 7,9%, Кичево 5,2%, Куманово 10,5%, Прилеп 11,9%, Скопје 52,8%, Тетово 5,2%, и Штип 6,4%. Беа организирани четири фокус групи со бизнисмени Роми. Со интервјуата беа опфатени вработени во Центрите за вработување. Целта на интервјуата беше да се добие слика како Агенцијата/Центрите за вработување информираат околу Активните мерки за вработување, како истите се имплеметирани и до кој степен ги вклучуваат Ромите.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### Табела 1 Старосна структура на испитаниците

| Старост | % |
|---|---|
| 16-27 | 31,0 |
| 28-38 | 33,0 |
| 39-50 | 29,2 |
| над 50 | 6,8 |
| Вкупно | 100,0 |

Најголемиот број на испитаници се на возраст кога се најмногу работоспособни: 64,0% од испитаниците се на возраст од 16 -38 години (види табела 1).




График 1. Невработени Роми според образовната структура

Според образовната структура на испитаниците, најголем е процентот на невработените Роми со основно образование (42,1%). Без никакво образование се 19,2%, додека 21,7% имаат средно тригодишно образование, 15,6% се со средно четиригодишно образование,а 1,4% се со више и високо образование.

Резултатите од истражувањето покажаа дека од вкупно 636 анкетирани, 25% претходно биле вработени, и од вкупниот број на анкетирани дури 87 % бараат работа над две години, 4,8% бараат вработување над една година, а 8% бараат вработување до две години.




График 2. Дали сте слушнале за активните мерки за вработување?

Загрижувачки е податокот што покрај високиот број на лицата кои бараат вработување, за Активните мерки за вработување слушнале само 8,0% од испитаниците (график бр. 2).

Голем дел од испитаниците кои слушнале за Активните мерки за вработување (АМВ), за истите се информирани од страна на Агенцијата за вработување (35,4 %), а останатите се информирани од страна на медиуми, НВО, пријатели, итн.

Табела 2. Кои активни мерки за вработување ги познаваат

| Кои Активни мерки за вработување ги познавате? | | |
|---|---|---|
| | Да (%) | Не (%) |
| Преквалификација | 56,9 | 43,1 |
| Брза реакција | 33,3 | 66,7 |
| Професионална орјентација | 13,7 | 86,3 |
| Конкурентност на фирмите | 3,9 | 96,1 |

Иако дел од испитаниците за Активните мерки се информирани од страна на Центрите за вработување, и тие јасно не знаат што всушност тие мерки нудат. Од анкетираните кои ги познаваат Активните мерки за вработување, најголем процент (56,9%) ја познаваат мерката преквалификација, 33,3% мерката брза реакција, 13,7 % мерката професионална ориентација и 3,9 % мерката конкуретност на фирмите (табела бр. 2).




График 3. Колку активните мерки за вработување би ви помогнале да најдете вработување

Од вкупниот број лица кои знаат за мерката преквалификација, само 4.7 % од анкетираните се изјасниле дека учествувале на курс за преквалификација. Овој податок упатува на заклучокот дека Агенцијата за вработување не ги информирала доволно невработените Роми за постоењето на Активните мерки за вработување.

Интересен е податокот што од лицата кои слушнале за Активните мерки за вработување, три четвртини (76 %) не знаат дали овие мерки би им го олесниле процесот за вработување, а 24 % не се сигурни дека мерките би им помогнале полесно да најдат вработување (график бр. 3).




Графикон 4. Според вас, кој треба да ве информира за активните мерки за вработување?

Покрај обврската за информирање и активирање на Активните мерки од страна на Агенцијата за вработување, процентот покажува дека тие не допираат до невработените Роми.

На прашањето "Според вас кој треба да ве информира за Активните мерки за вработување", од вкупно 636 анкетирани 83,6 % очекуваат тоа да го направи Агенцијата за вработување, 10,8 % да го направат медиумите. Од анкетираните 3 % очекуваат тоа да го направат и Здруженијата на граѓани и 2,6% пријателите (график бр. 4). Од овие податоци јасно се гледа дека невработените Роми очекуваат од страна на Агенцијата за вработување да ги информира и да им го реши проблемот со нивното вработување.

Од сите анкетирани, 63,1% очекуваат да бидат повикани на разговор за да бидат целосно информирани за примената на Активните мерки, а 18,6% од нив сметаат дека соодветен начин да ги информираат би бил со испраќање на известие со писмо. Немаат конкретен одговор 12,7% а сосема мал процент сакаат да се информираат преку медиуми (график бр. 5).




Графикон 5. На каков начин би сакале да ве информираат за Активните мерки за вработување?

На прашањето “Кој може да ви најде работа?“, најголем дел од испитаниците дадоа приоритет на Центарот за вработување и државата како одговорни органи и клучни фактори за изработка и спроведување на политиката за вработување во Република Македонија. Тие сметаат дека Агенцијата за вработување, а во тој контекст оштинските Центри за вработување се сервиси кои можат да одговорат на нивните потреби. Но, исто така голем дел од испитаниците не знаат каде треба да се обратат за да добијат информации за вработување (график бр. 6).




Графикон 6. Кој може да ви најде работа?

## ДИСКУСИЈА

Анализата на наодите на нашето истражување покажува дека Центарите за вработување несоодветно ги промовирале и имплементирале активните мерки за поттикнување на вработувањето во ромската заедница. Големата неинформираност околу овие мерки не е карактеристична само за невработените Роми, туку и за ромските бизнисмени. Низ дискусиите во фокус групите е констатирано дека има отпор кај вработените во локалните Центри за вработување за објективно информирање или за давање бенефиции според постојните Активни мерки за вработување. Така на пример, во Кичево еден Ром-сопственик на фирма, иако не знаел дека има право на бесплатно обучување на нови лица преку Центарот за вработување, на неговото барање за обучување на невработени лица за потребите на неговата фирма, добил одговор дека кичевскиот Центар за вработување освен за конфекциска струка не поддржува други курсеви за преквалификација. Разговорите во фокус групите со ромски бизнисмени покажаа дека воопшто немаат комуникација со Центрите за вработување. Поради неинформираност кај Ромите бизнисмени постои впечаток дека Центрите работат само со невработените. Се покажува дека никој од Центрите за вработување не иницирал некој вид на комуникација со бизнисмените во врска со вработувањето.

Во истата насока одат и резултатите добиени од интервјуирањето на вработените во Центрите за вработување. Иако поставувавме исти прашања во сите Центри, освен во НАВ, сите интервјуирани во локалните Центри за вработување ни даваа различити одговори на прашањето “Кои се Активни мерки за вработување”. Во повеќето од нив, најчесто беа наброени три активни мерки за вработување, поврзани со работата на работните клубови и со невработените лица, додека многу малку се споменуваат мерките за работодавците. Низ интервјуата, со дополнителни потпрашања, интервјуираните се потсетуваа и на другите мерки, но никој не ни даде информација за сите горенаведени мерки. Исцрпна презентација и информација за Активните мерки добивме само од претставникот во Националната агенција за вработување во Скопје. Сето ова укажува дека Центрите немаат унифициран систем или стратегија за начинот на информирање или претставување на мерките за вработување. Целиот процес на промоција и практикување на мерките е оставен во рацете на поединци во локалните Центри за вработување, односно личната мотивираност и посветеност во работата на советодателите и советниците за Активните мерки.

Понатаму, целиот процес околу користење на Активните мерки од страна на работодавците е целосно централизиран и под контрола на НАВ. Иако работодавците се најпотенцијалниот елемент за отворање на нови работни места на локално ниво, целата процедура ги лимитира вработените во локалните Центри, а со тоа и апликантите за бенефит од Активните мерки. Ова се должи на фактот дека ако некој работодавец сака да искористи некои бенефиции од овие мерки, треба да комуницира и аплицира преку директорот на локалниот Центар за вработување, кој понатаму истата апликација ја проследува до НАВ. Врз основа на своите проценки и доставената документација за работата на фирмата, НАВ одлучува дали апликацијата е соодветна и оправдана. Врз основа на своите проценки дава

позитивен или негативен одговор. Целиот процес, од моментот на аплицирање до добивање одговор од НАВ трае 10-15 дена, што дополнително го отежнува објективното и ефективно реализирање.

Немаме добиено конкретен пример при евентуално позитивен одговор, за времето и начинот на исплата на средствата за поддршка на фирмите преку Активните мерки. Исто се покажа дека локалните Центри за вработување не се правни субјекти, што значи дека немаат свои жиро-сметки и не можат да аплицираат независно од НАВ за своите локални потреби во насока на изградба на своите човекови и материјални капацитети.

Додатно на ова, иако во сите Центри ни одговорија дека имаат доволно капацитети за спроведување на Активните мерки, во дискусиите со вработените се констатира обратно т.е. дека немаат доволно човечки ресурси. Во сите 6 Центри во кои спроведовме истражување, во евиденцијата на еден советник има околу 3000 невработени лица, преку кое очигледно се потврдува дека локалните Центри имаат премногу работа со евидентирањето и дека физички немаат доволно време да посветат на промоција и практикувањето на Активните мерки. Според интервјуираните во центрите, просекот на водење евиденција на невработени лица кај нивните колеги вработени во развиените европски држави се движи помеѓу 400 до 600 лица месечно. Ова е аргумент што повторно оди во насока дека поради немање доволно човечки капацитети центрите несоодветно ги промовираат и имплементираат Активните мерки за вработување, не само со ромската туку и со останатата популација во државата.

Тоа значи дека и покрај релативно високиот број на позитивни мерки и активности во делот за мотивирање на вработувањето, во пракса резултатите изостануваат токму поради несоодветната структурна прилагоденост и поставеност на НАВ и 30-те локални Центри.

Резултатите на ова истражување укажуваат дека Ромите имаат јасна перцепција за одговорностите и улогата на НАВ и локалните Центри за вработување по однос на Активните мерки, односно дека тие се најповикани да посредуваат помеѓу нив и работодавците Од малиот процент од 8% анкетирани кои слушнале или знаат за Активните мерки, најмногу знаат за мерката преквалификација.

Податоците земени од годишниот извештај на НАВ за 2004 година наведуваат на заклучок дека невработените Роми се исклучени од досега спроведените програми за подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација). Имено во периодот 01.01. - 31.12.2004 година, се спроведени 60 програми во кои биле вклучени вкупно 1.759 невработени лица. Анализата на податоците за лицата опфатени со овие програми покажува дека најголем број од нив со минимум средно образование. Исто така, потврдено е од страна на интервјуираните во локалните Центри за вработување дека во досегашните активности на работните клубови, тренинзи по англиски јазик и информатика вклучувале лица со високо образование,

и од мај 2006 почнаа да поканувaaт невработени со средно образование. Ова е уште еден факт кој ја потврдува исклученоста на Ромите од Активните мерки, знаејќи дека над 85% од ромската популација се без или со основно образование.
Исто треба да се напомене дека повеќето од вештините кај Ромите се традиционално наследени и се пренесуваат од генерација на генерација. Агенцијата за вработување нема мерки или активности за лицата со вакви вештини што всушност придонесува за изумирање или напуштање на овие занаети, иако за нив има сеуште потреба на пазарот на трудот.[6]

## ЗАКЛУЧОЦИ

Имајќи во предвид дека нема идеални и уникатни решенија за проблемот на невработеноста, треба да се респектираат обидите на институциите во нивните напори за решавањето на овој сложен проблем. Сепак, евидентни се неколку пропусти кои додатно ја намалуваат ефикасноста на работата на институциите, а со тоа и на превземените мерки.

Прво, Активните мерки за вработување се изградени врз основа на претходни искуства (домашни или меѓународни) и делумно врз база на сеопфатна анализа на состојбите. Самите мерки немаат практична аргументираност дека се поврзани со потребите на пазарот на трудот односно побарувачката и понуда на работна сила. Ова наметнува прашање за вклучувањето на бизнис секторот при подготовката на Активните мерки. Во моментот, Активните мерки подеднакво ги третираат сите категории на невработени. На прв поглед, овој пристап може да изгледа праведен поради принципот на еднаквост, но во пракса е евидентно дисфукционален поради тоа што ја нема во предвид различитоста по принцип на едукативен и социјален статус на невработените. Овој факт однапред диктира различна стартна позиција и шанси за нивно вработување. Во пракса, сите невработени се во еден кош, без посебна категоризација и внимание за маргинализирани групи.

Второ, Центрите немаат доволно соработка со работодавците. Тоа е така делумно поради претходно споменатата преголема оптовареност со евидентирањето на невработените, но и делумно поради тоа што голем број на менаџери во бизнис секторот немаат создадено навика за редовно комуницирање со надлежните институции. Во ретките обиди за комуникација, работодавците се жалат на бирократските процедури, отпор и пристрасност на вработените во Центрите за вработување. Во оваа насока најмногу се жалат неинформираните работодавци, и тоа пред се сопственици на мали фирми, кои немаат релевантни политички и пријателски врски.

Сето ова влијае врз ефикасноста на Активните мерки поради што и понатаму останува јазот помеѓу работодавците и невработените. И двете страни се снаоѓаат на свој начин, при тоа без искористување на системските можности за развој на економските капацитети кај Ромите. Ромите не ги користат развојните фондови и програми во оваа област така да и понатаму остануваат корисници само на социјалните фондови кои не нудат можност за подобар животен стандард.

---

6. Заклучок од одржаните фокус групи на Роми за потребите на истражувањето за публикуваната микро студија, “Политики за намалување на невработеноста на Ромите”, Јануари 2006 година, Асоцијацијата за демократски развој на Ромите – Сонце – Тетово (АДРР “Сонце” – Тетово)

# ПРЕПОРАКИ

Препораките се надоврзуваат на погоре изнесените податоци и заклучоци. Имајќи предвид дека се констатира голема неинформираност:

a. Се препорачува Агенцијата за вработување да изготви акциона програма и воспостави индикатори за поефикасна промоција и спроведување на АМВ.

Бројката на невработени Роми во изминатиот период како резултат на строгите критериуми[7] за пријавување на невработени лица на Агенцијата за вработување и МТСП се намалуваше[8]. Во пракса пак реалната бројка е поголема од официјалните извори за невработеност. Тоа значи дека сепак постои не-евидентирана невработена работна сила. Со други зборови, бројот на невработени Роми во изминатиот период неофицијално се зголемуваше, а официјално тој секоја наредна година се намалува како резултат од фиктивното намалување на бројот на невработени, благодарејќи на превземените мерки од страна на МТСП. Лицата поради нередовното пријавување во Агенцијата за вработување се бришат од евиденцијата на невработени. Имајќи ја предивд оваа состојба,

b. Се препорачува на МТСП и Агенцијата за вработување да понудат предлози за измени и дополненија до Собранието на Република Македонија околу постоечкиот закон со тоа што лицето кое што не се пријавило во рок од 30 дена да може повторно да се пријави по 6 месеци. Со ова невработените лица би имале можност да добијат и здравствено осигурување и можност за паричен надоместок.

Како специфичен проблем кој се јавува е тоа што АМВ се насочени кон невработените лица со високо и средно образование, а лицата со основно образование се иземени со АМВ. Оттука,

c. Се препорачува на МТСП и Агенцијата за вработување да креираат политики кои ќе бидат насочени кон лицата со основно образование, како би се создала можност за тие лица да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Со оглед на ова, Експертската група за вработување препорачува:

1. Агенцијата за вработување во иднина овие мерки да ги спроведува на долгорочен план креиран согласно потребите на Ромите и посебен афирмативен пристап за ромската популација на подолг рок;

2. Националната Агенција за вработување и Министерството за труд и социјална политика да вложат напори во градењето на капацитети на персоналот кој работи во Центрите за вработување при тоа и да поведе сметка за адекватна застапеност на Ромите поради подобра комуникација и поквалитетно завршување на работата кога се работи за прашањето за вработување на Ромите;

---

7. Според чл.56 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, лицето кое што остварува право на паричен надоместок и право на здравствена заштита е должно лично да се јавува во Заводот на секои 30 дена, и доколку не ја исполни оваа обврска се брише од евиденција и може повторно да се пријави по истекот на две години.
8. Заклучно со 31 Декември 2003 бројот на невработени Роми изнесуваше 16.937; 31 Декември 2004 – 16.764; 31 Декември 2005 15.714 а на 30 Јуни 2006 – 11.347 невработени Роми (извор: Агенција за вработување на РМ)

3. За да се добие реална, прилагодена програма, препорачуваме Агенцијата во текот на своето истражување директно да ги инволвира невработените Роми, како и ромските и меѓународни организации кои пак можат да обезбедат искуства и податоци од други земји;

4. Државата преку Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука изготви закон или правилник за верификација на знаења кои се стекнуваат на неформален, традиционален, културен начин како би голем дел од претставниците на ромската заедница да можат да добијат верификација на нивното неформално стекнато знаење.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


• EU support for Roma communities in Central and Eastern Europe - Enlargement briefing, May. 2002.

• WIIW and Bank Austria Creditanstalt AG, анализа на МФ

• ,,Ромите во проширена Европа: Предизвици за иднината", Конференција одржана во Будимпешта од 29 јуни до 1 јули 2003 година.

• Ромски економски форум, одржан од 25-26.03.2004 во Скопје.

• Истражување на АДРР "Сонце", микро студија "Политики за намалување на невработеноста на Ромите", јануари-септември 2005

• Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Службен весник на РМ бр.37/97 од 31 јули 1997 год

• НАВ извештај 2004


## КРАТЕНКИ

• Националната агенција за вработување (НАВ)

• Министерството за труд и социјална политика (МТСП)

• Асоцијација за демократски развој на Ромите – Сонце – Тетово (АДРР "Сонце" – Тетово)

• Национален акционен план за вработување 1 (НАП1)

• Национален акционен план за вработување 2 (НАП2)

• Активни мерки за вработување (АМВ)

# Членови на Ромските Експертски групи за Интеграција на Ромите



# Експертска Група за Образование

***Жаклина Дурмиш***, Скопје. Образована како правник, продолжува со магистерски студии по социјална работа и социјална политика на Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје, каде успешно положила повеќе предмети за граѓанското општество. Таа, исто така, работела како правен советник на ромските семејства во канцеларијата на Каритас во Скопје, како соработник во адвокатска канцеларија и како во моментот работи како директор на проект кој обезбедува образовна поддршка на ромските деца и младинци.

***Ахмет Јашаревски***, Куманово. Еден од двајцата водечки активисти во кумановската ромска НВО Дром. Г-н Јашаревски изготвил и имплементирал проекти во областите на претшколското, основното образование и образованието на возрасните за ромското население. Тој исто така е член на Националната работна група за потребите на Декадата на Ромите. Покрај тоа, г-н Јашаревски зема учество во манифестациите организирани од американскиот НВО проект за етнички односи (ПЕР) за развивање на владината стратегија за Ромите во Македонија.

***Ѓулсефа Куртеши***, Скопје. Наставник во основно училиште со универзитетско образование. Г-ѓа Куртеши работеше во Основното Училиште „Браќа Рамиз и Хамид" во општината со ромско мнозинско население Шуто Оризари. Таа, исто така, беше член на работната група за граѓански права формирана во рамки на проектот на ЕЦМП „осигурување на имплементацијата на охридскиот договор низ конкретни активности на политиките".

***Сабина Мустафа***, Скопје. г-ца Мустафа е апсолвент на Правен факултет, студии по новинарство. Работи како асистент на проектот "Еднакви образовни можности за децата Роми"- ФИООМ и е активен член на тимот на студентското списание „Рома Индекс". Работела како практикант во Собранието на РМ, стажант во канцеларијата на Светска Банка за работи поврзани со "Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015", асистент во Библиотеката на Светска Банка-Економски факултет, две години по ред надворешен соработник за медиумска анализа на Советот за Радиодифузија.

***Роберт Рустем***, Скопје. По завршувањето на универзитетските студии по металургија, г-н Рустем работеше како советник за ромски прашања во Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Сега работи во Council of Europe. Со широкото искуство добиено од неговата претходна работа во НВО секторот, г-н Рустем има посебен интерес за областите на разрешувањето на конфликти, образованието и интеркултурните студии.

***Љатифе Шиковска***, Скопје. Родена и порасната во Гостивар, г-ѓа Шиковска сега постојано живее во Скопје каде е вработена во С.О.С Д.М.Ц Надеж во Шуто Оризари како педагог. Како поранешен професионален играч на фудбал, таа исто така работи како тренер на Отворената фудбалската школа.

***Фатма Бајрам***, Скопје. Апсолвент на Филозофскиот факултет, група Педагогија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје. Г-ца Бајрам е активна во невладиниот сектор, особено во поглед на прашањата кои ја погодуваат ромската жена и младина. Една година волонтираше во УСАИД во програмата за Локална самоуправа и демократија. Таа е координатор на Ромскиот детски центар „Сумнал" во Скопје.

***Рамчо Кундевски***, Берово. Г-н Кундевски е студент на Правниот факултет во Скопје. Вработен е како Асистент во програмата за високо образование на Ромите, Ромаверситас при Фондацијата Институт отворено општество-Македонија (ФИООМ). Г-н Кундевски има повеќегодишно искуство во невладиниот сектор и бил вклучен во повеќе проекти и истражувања за подобрување на состојбата на ромското население во Македонија.

***Ајсел Мемет***, Скопје - апсолвент на универзитетот „Св.Кирил и Методиј", Филозофски факултет, отсек Социјална работа и социјална политика. Активист во повеќе невладини организации, волонтер во Фондација Институт отворено општество Македонија (ФИООМ) во Ромска програма (Програма за образование на Роми ), практикант во општината Гази Баба, оддел за социјална работа како и член и практикант во " Здружението за заштита на правата на детето" во проектот Едукативно - забавен детски центар за деца на улица.

# Експертска Група за Здравство

***Атилан Етеми***, Тетово. Г-н Етеми е дипломиран фармацевт. Дипломирал на Универзитетот Анадолија во Турција, каде завршил во 2001 година. Сопственик е на првата ромска приватна аптека „Ати-фарм".

***Шермина Јашарева***, Штип. Г-ца Јашарева е студент по биохемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Исто така, таа од 1997 година работела во штипската ромска НВО Здружение за права на ромското население. Истовремено, била вклучена во повеќе активности за обука на полето на граѓанските права.

***Мемет Мемет***, Скопје. Активно вклучен во невладиниот сектор од 1999 година. Г-н Мемет е сосновач на ромската НВО Рош во Шуто Оризари. Тој, исто така, работел како локален координатор за родови и трауматски прашања во холандската НВО Адмира. За поддршка на својата работа во НВО секторот, г-н Мемет учествувал на поголем број семинари во областите на здравство, психологија и обука на тренери.

***Сенад Мемеди***, Скопје. Порано работел како медицински техничар во Шуто Оризари, а сега е вработен во Министерството за здравство. Тој, исто така е студент на Правниот факултет на Универзитетот во Скопје и редовно соработува со повеќе ромски НВО.

***Ариф Пини***, Гостивар. Студент на 5 –та година на медицинскиот факултет во Скопје. Г-н Пини Ариф веке 5 година активен во НВО секторот. Во моментов покрај што студира тој работи во Здружението на граѓани Сумнал како асистент, член и е во Советодавниот одбор на Ромаверзитас. Исто така Г-динот Пини е активен е како тренер во областа на здравството.

***Ислам Шаќири***, Тетово. Г-н Шаќири е вработен како медицински асистент во општата болница во Тетово. Исто така, тој е активен во невладиниот сектор.

*Мисадет Амет*, Скопје. По завршувањето на средното образование во медицинското училиште во Тетово, г-ца Амет се запиша на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Скопје каде и сега е студент. Г-ца Амет, исто така, работела како медицински едукатор во разни проекти на ромската НВО Рош.

***Јасмина Садулова***, Македонска Каменица. Г-ѓа Садулова завршила виша медицинска школа во Сараево 1985 година. Од 1986 е главна медицинска сестра во З.С.М М. Каменица при Ј.З.О Делчево. Таа е член на здружението на медицински сестри на Република Македонија. Исто така активно соработува со НВО РОЗМ ''Даја'' од Куманово.Учествувала на повеќе семинари од областа на здраството, семејното насилство, вклучувањето на жената Ромка во политика итн.

***Ѓултен Бекир***, Скопје. Г-ца Бекир има завршено средно економско образование – економски техничар а сега е студент на Педагошкиот факултет. Од 1999 година па до 2002 работела на истражувања за заболувањата на жената Ромка и нејзино семејство. Од 2005 вклучена е како локален координатор на граѓанско советодавниот центар во Скопје "Месечина" од Гостивар.

# Експертска Група за права на граѓаните

***Реџепали Чупи***, Гостивар. Г-н Чупи е апсолвент на Правниот факултет во Скопје. Од 2004 година работи како проектен асистент во програмата за образование на Роми, Ромаверзитас / ФИООМ. Исто така, г-н Чупи бил вклучен во повеќе проекти за подобрување на состојбата на ромското население во Македонија .

***Ерџан Демир***, Скопје. Студент на втора година на Правниот факултет на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје. Г-н Демир е вработен во Министерството за одбрана.

***Анифа Демирвоска***, Делчево. Единствената ромска жена адвокат во Македонија. Г-ѓа Демировска се занимава со прашања поврзани со родот, вклучувајќи го домашното насилство и трговијата со луѓе. Активно вклучена во ромското невладино движење од 1995 година, таа во моментов е претседател на ромската НВО „Пхурт" од Делчево.

***Ферки Демировски***, Делчево. Роден во источна Македонија, но активен и во централна и во западна Македонија. Во централна Македонија, г-н Демировски, во Скопје и во Велес, работел како координатор на граѓанскиот советодавен центар основани од ХДЗР „Месечина". Исто така, бил вработен како асистент во Ромаверзитас во Скопје. Од друга страна пак во западна Македонија, г-н Демировски студира јавна администрација на Универзитетот на југоисточна Европа во Тетово. Во моментот Г-динот Демировски работи како Државен советник при Кабинетот на Министерот Глигор Ташковиќ.

***Феат Камберовски***, Куманово. Г-н Камберовски е основач и претседател на кумановската НВО Арка. Од својата работа во невладиниот сектор, г-н Камберовски на експертската група и носи значително искуство во надгледувањето на постапкитена политиките и на судските предмети, како и во давањето правна помош и во образованието за човечките права. Со својата работа, г-н Камберовски изградил  одлична соработка со Министерството за внатрешни работи.

***Идавер Мемедов***, Велес. Г-н Мемедов е дипломиран правник и во моментот е вклучен во програмата наменета за студенти Роми "Roma Access Program",во Будимпешта. Тој, работеше во канцеларијата на Македонскиот Хелсиншки комитет за човекови права во Скопје.

***Елвис Мемети***, Тетово. Студент на политички науки на Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје. Г-н Мемети е вработен во Министерството за локална самоуправа и е вклучен  во специјализираната работна група за интеграција на Ромите.

***Сенад Мустафов***, Делчево. По потекло од источна Македонија, г-н Мустафов работел во ромската НВО Пхурт. Во моментот Г-динот Мустафов е координатор на програмата за високо образование на Ромите на Фондацијата институт отворено општество Македонија (ФИООМ), Ромаверситас. Г-н Мустафов има правничко образование.

***Алма Мустафовска***, Крива Паланка. По завршување на основното и средно образование во Крива Паланка, Г-ца Мустафовска дипломира на Правниот факултет на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје. Нејзиниот интерес за правата на граѓаните воопшто како и за еднаквиот третман на Ромите, особено се манифестираат и при изборот на нејзината професија и активна работа во Информативниот Центар за Граѓанско Општество, Скопје која се состои во давање на бесплатна правна помош.

***Амза Пини***, Гостивар. Роден во западна Македонија. Г-н Пини завршил средно теолошко училиште во Скопје пред да премина на студии по теологија и политички науки на Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина. Г-н Пини, исто така, бил вклучен во повеќе активности на невладиниот сектор.

***Мухамед Точи***, Гостивар. Член на претседателството на западно-македонската НВО Месечина од нејзиното основање во Гостивар во 1993 година. Г-н Точи се специјализирал за надгледување на човечките права и давање правна помош. Неодамна, тој своето екстензивно искуство во оваа област го искористи за подготовка на граѓанските советодавни центри кои работат низ целата земја. Исто така, г-н Точи учествувал во активности организирани од ПЕР за развој на владината Стратегија за Ромите во Македонија.

## Експертска Група за Вработување

***Ѓултен Далиповска***, Скопје. Г-ѓица Далиповска е апсолвент на правниот факултет при универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје со особен интерес во човечките права на жената. Г-ѓица Далиповска е способен обучувач во посредување и лобирање. Во моментот работи во Кабинетот на Министерот за финансии. Член на Националната работна група за Декадата за Ромите

***Енвер Јонуз***, Скопје. Обучен и вработен како социјален работник, Г-н Јонуз работи во Скопје во општината Чаир. Од 1997 година, исто така бил член на аматерската театарска група Рома.

***Мабера Камбери***, Тетово. Професионалното обучување и искуство на Г-ѓа Камбери како социолог од областа на трудот веќе претставува доволна основа за нејзиниот избор да учествува во Експертската група Вработување. Нејзини понатамошни квалификации се нејзиниот интерес за родови прашања, нејзиното членство во Работната група за земјата на Светска Банка, како и нејзиното вработување во Министерството за труд и социјална политика. Г-ѓа Камбери исто така е член на Управниот одбор на Фондацијата „Отворено Општество Македонија".

***Дилбера Камберовска***, Куманово. Претседател и основач на женската ромска невладина организација Даја од Куманово, со 1993 година Г-ѓа Камберовска е еден од водечките ромски активисти. Особено успешни се иницијативите за стручна обука на Даја, кои се дизајнирани од страна на Г-ѓа Камберовска.

***Ремзи Медик***, Битола. Г-н Медик е сооснован на младинска невладина организација а ги докажал своите вештини како организатор на заедницата во Битола. Особено во областа на вработувањето, тој одиграл клучна улога како врска помеѓу локалната канцеларија за вработување и ромската заедница. Г-н Медик исто така учествувал во настани организирани од страна на ПЕР во насока на развој на владина стратегија за Ромите во Македонија.

***Надир Реџепи***, Тетово. Г-н Реџепи во Експертската група за ги инкорпорира неговите осум години искуство како програм и проект координатор во Ромската НВО"Сонце". Како дел од искуството значајно е да се напомене дека тој го координираше изготвувањето на Извештај во сенка за имплементацијата на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, како и макро студијата: Идни политики за вработување на Ромите во Македонија. Г-н Реџепи е исто така е член на Националната работна група за Декадата за Ромите, подготвувајќи документ за политики и презентации кои имаат национален и регионален импакт.

***Самет Скендери***, Гостивар. Основач на ромската невладина организација Месечина, Г-н Скендери во моментов работи како асистент координатор на проект поврзан со образованието, човековите права и јавни политики. Освен тоа, тој работи како советник на програма за подобрување на меѓуетничките односи, и како член на одборот формиран за пишување на извештаи во сенка за имплементацијата на стандардите поврзани со правата на националните малцинства во Македонија.

***Нијази Елмазов***, Скопје. Студент на завршната година на Факултетот за физичка култура. Активен член на ромскиот НВО сектор (работел за АНГЛУНИПЕ, ФЕРSP). Г-н Елмазов има посебен интерес за областа на образованието и вработувањето на Ромите. Следел повеќе семинари за развој на проекти, дискриминација и домашно насилство.

European Centre
for
Minority Issues

Sida



This publication is generously supported by the Swedish International Development Cooperation Agency (Sida)